# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk** **www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година VIII, број 82-83 ISSN 1857-7660 5 јуни 2015 година


Состанок со претседателите на здруженијата во СЗПМ

## Со оптимизам кон нови постигнувања и афирмација на Сојузот

Определбата за динамизирање на активностите и внесување нови содржини и импулси во работата, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија во новиот мандат почна со разновидни и збогатени форми на дејствување се со цел уште повеќе да им се доближи на пензионерите и да придонесува во подобрувањето на квалитетот на животот на оваа популација граѓани. Така, по конституирањето на органите и телата во СЗПМ, на 28 април 2015 година, во седиштето на Сојузот беше одржан состанок со претседателите и други претставници на здруженијата на пензионери.










Во своето излагање претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** го нагласи значењето на првиот состанок во новиот мандат посебно од аспект на интензивирањето на меѓусебната соработка и внесување димензија на интеракциски однос поради поцелосно запознавање на активностите и проблемите што ги тиштат пензионерите. Притоа се заложи за продолжување на заедничката заложба за заштита и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на пензионерите кои поради своите знаења и искуства од ден на ден стануваат се позначајна алка во социјалниот живот на нашата земја. Акцентирајќи ги најзначајните активности на раководството на СЗПМ Аргировски ја потенцираше и грижата за пензионерите со ниски пензии и социјално загрозени категории и повикувајќи на поголема заедничка активност во преземањето мерки за подобрување на статусот на оваа група припадници на Сојузот, тој ги наведе и определбите во Националната стратегија за стари лица 2010–2020 година, во која е планирано да се достигнат европските стандарди за институционалната грижа за старите лица, а согласно на тоа треба да продолжи реконструкцијата на постојните пензионерски домови во нашата земја, но и да се градат нови објекти, за што во нашите здруженија постои голем интерес. Ова укажува и на потребата кај одговорните структури во СЗПМ, како што рече, да се најде „икс" факторот за заедничко дејствување за уште подобро утре на пензионерите во Македонија.

Акценти од Програмата за работа на СЗПМ со осврт на позначајните активности даде секретарот на Извршниот одбор **Станка Трајкова**. Во тој контекст таа информираше за определбите и можностите во остварувањата на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Од областа на здравствената заштита го истакна барањето на Сојузот за ослободување од сите видови партиципација на лицата над 65 години, како и другите заложби за заштита и подобрување на квалитетот на животот на пензионерите. Како значајни ги напомна и проектите на СЗПМ „Пензионер волонтер" и „Пензионерската социјална карта" кои се во тек на имплементација, а на повидок се мошне значајни позитивни резултати. Исто така, во дејствувањето на здруженијата Трајкова го нагласи значењето на ограноците каде што непосредно се одвива пензионерскиот живот и се преземаат мерки ова година да се стимулира нивната активност.

Средбата со претседателите ја поздрави и потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** кој им посака успех на здруженијата на пензионери членки на Сојузот во остварувањето на програмските задачи и нагласи дека раководството ќе се заложи и натаму ќе придонесува да расте рејтингот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.

По информативните излагања на раководството на СЗПМ се разви интересна дискусија во посакуваниот интеракциски однос со прашања и предлози за преземање активности и решавање на актуелни проблеми, при што беа разменети мислења и усогласени ставовите за заедничко и компактно дејствување во остварувањето на програмските задачи на Сојузот. Во дискусијата учествуваа: **Нијази Целили, Боривоје Бојаџиев, Џевад Корпуси, Спирко Николовски, Ѓорѓи Серафимов, Мирко Трповски, Димитрије Богатиноски, Илија Лазески, Марија Моневска, Данче Даскаловска, Ариф Беќир и други.**

Состанокот со претседателите беше завршен со информација за резултатите од пилот-проектот „Пензионерска социјална карта" кој беше спроведен во ЗП Ѓорче Петров, за што образложение имаше **Јован Мазгански.**

**М Димовски**

## Регионалните ревии завршија, во тек се натпреварите во спортски дисциплини

Според планот и програмата завршија осумте регионални ревии на песни, музика и игри. Се дружеја и веселеа пензионери од сите краеви на нашата земја, со желба секој да го претстави на најубав начин сето она што е можеби и подзаборавено, а е карактеристично и обележје на местото од каде доаѓа. Се пееше на сите јазици, а срцата биеја во еден ритам: во ритамот на пријателство и соживот. Поопширно за овие фолклорни бисери можете да прочитате на страниците 10, 11, 15 и 20, а за републичката ревија во наредниот број.

Како што им е познато на сите пензионери, но и на другите, спортот е еден од главните потпирачи на здравјето. Затоа пензионерите спортуваат. Спортските регионални натпревари се во тек. По завршувањето најдобрите ќе настапат на 20-тата јубилејна Републичка спортска олимпијада која ќе се одржи на 5. септември 2015 година во Скопје, а за неа ќе читате во септемврискиот број на „Пензионер плус". За термините и домаќините на регионалните спортски натпревари ќе дознаете од страна 5.

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


**ЌЕ СЕ ГРАДИ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО ОХРИД** стр. 2

**ВИСОКИ ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЛОВЕНИЈА И АЛБАНИЈА ВО СЗПМ** стр. 3

**МИНИСТЕРОТ СПАСОВ ВО ПОСЕТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ**



стр. 4

ИНФО стр. 5

ТРИБИНА стр. 7

ХРОНИКА стр. 8



**ИНТЕРВЈУ СО ПЕТАР ЗАХАРЧЕВ** стр. 9

**13. РЕГОНАЛНИ ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ I II III И IV РЕГИОН** стр. 10 и 11

КУЛТУРА стр. 12

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 13

ИЗБОР стр. 14

**13. РЕГОНАЛНИ ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ V И VI РЕГИОН** стр. 15

ЕКСКУРЗИИ стр. 16

ЗДРАВСТВО стр. 17

ЗАБАВА стр. 19

**13. РЕГОНАЛНИ ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ VII И VIII РЕГИОН** стр. 20


**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**18. Јуни**
**во „Нова Македонија" - Пензионерски видици**
**10. Јули**
**„Пензионер плус"**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка

ЗП Охрид и Дебрца

# Конечно ќе се гради дом за стари лица

Иницијативата за изградба на Дом за стари лица во Охрид, која ЗП Охрид и Дебрца ја покренаа уште пред неполни пет–шест години, конечно ќе се реализира. Долгоочекуваниот Дом за стари лица ќе го гради АД „Илинден", од Струга. На електронската аукција почетната цена што беше понудена од 1.393 денари достигна вредност од 1.532 денари за метар квадратен. Струшката градежна фирма „Илинден", која беше единствен понудувач за откуп на земјиштето на спроведената електронска аукција во вкупна површина од 8.500 метри квадратни плати околу 13 милиони денари.



Според урбанистичко–планска документација Домот за стари лица ќе зафаќа вкупна површина од 6.300 метри квадратни и ќе има шест ката, односно приземје плус 4 ката и поткровје, односно максимална дозволена висина до 17 метри. Купувачот на земјиштето според договорот се обврзува во рок од 12 месеци да обезбеди одобрение за градба, а во рок од 4 години да го изгради објектот. Изградбата на Домот за стари лица, се смета еден од капиталните инфраструктурни објекти на Локалната самоуправа, а уште повеќе има на значење за луѓето од третата доба. Домот ќе има големо значење не само за згрижување на стари лица од Охрид туку и пошироки от западен регион од Републикава и Скопје, кои постојано бараат изградба на ваков објект. Според најавите Домот ќе има капацитет за 150 легла за пензионери, но сепак ќе покаже времето при неговата изградба колкав ќе биде конечниот број.

Првиот човек на ЗП Охрид и Дебрца и иницијатор за изградба на Домот за стари лица Ѓорѓи Трпчески, е воодушевен и задоволен од чинот на конечната реализација на овој толку неопходен Дом за стари лица во Охрид. Според Трпчески, многу пензионери не само од Охрид и Републикава во Домот ќе најдат вистинско згрижување и одлични услови за пријатен престој непосредно покрај самиот брег на Охридското Езеро.

**К. Спасески**

ЗП Демир Капија

# Над 1200 пензионери во Дошница

Годинава Здружението на пензионерите од Демир Капија беше домаќин на третата по ред пикник – средба на зелено што на 16 мај се одржа во познатото излетничко место Дошница, на околу пет километри од градот. На овој ки песни и народни ора, а потоа се претставија и музичарите на афирмиран музички оркестар од Демир Капија.

Овој народен собир на зелено започна со поздравното обраќање на **Благој Кавазовски**, претседател на Здружението на пензионерите на општината Демир Капија. Тој им посака добредојде и пријатно расположение и дружење на учесниците во овој мајски ден. Потоа присутните ги поздрави градоначалникот на општина Демир Капија, **Трајче Димитриев**, запознавајќи ги дека Здружението на пензионери од општината се осамостои пред пет години и оттогаш редовно покажува голем број активности. Организираат редовно екскурзии низ цела Македонија и учествуваат на сите спортски активности во општината и пошироко. Од формирањето на здружението градоначалникот морално и материјално ги поддржува сите активности на пензионерите и соработката со локалната самоуправа навистина е за пример.



Топлото време овозможи пензионерите да преголем собир 21 здружение на пензионери ширум нашава земја организирано другаруваа, се одмараа и се забавуваа, а беа присутни над 1200 пензионери кои во утринските часови во Демир Капија допатуваа со автобуси. Престојувањето на пензионерите беше искористено и за посета на живописната Демиркаписка клисура, градскиот музеј кој е отворен од пред неколку години, Хидроцентралата Дошница како и рибникот за производство на калифорниска пастрмка. Веднаш по пристигнувањето, пензионерите зачекорија по полјаната која изобилуваше од бујна трева, чист воздух испомешан со пријатен мирис од полското цвеќе, а на дофат беа сенките од шумското зеленило и жуборот на бистрата планинска река Дошница. Овде пензионерите ги заоседнаа најдобрите места и ги распостелија ќилимите за седење. Најпрво одекнаа гласовите на гајдаџиите свирејќи ги нашите староградстојуваат се до зајдисонце, а часовите поминаа со забава, заеднички ручек и со прошетки во излетничкото место Дошница.



**Петре Пашоевски**

ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност Аеродром

# Заедничка седница за збратимување

Извршните одбори на ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Солидарност – Аеродром од Скопје, деновиве во Охрид одржаа заедничка седница, втора по ред, по онаа од октомври минаата година, кога двете ЗП, во Скопје, потпишаа Меморандум за збратимување. На седницата во Охрид, ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца **Ѓорѓи Трпчески**, кој зборуваше активности од областа на културата, спортот и рекреацијата и стандардт на охридските пензионери.



Во името на гостите, ЗП Солидарност – Аеродром, претседателот на ИО **Димитрие Богатиноски**, најпрво на присутните им ги пренесе поздравите од претседателот на СЗПМ Драги Аргироски, а потоа кусо се осврна на активностите на здружението.

На заедничката седница стана збор за досегашната соработка и во која насока таа ќе се одвива и унапредува. Од дискутантите **Стефан Владимиров, Милорад Ристески, д-р Илија Глигоров, Зоре Мицкоски, д-р Димитар Спасески, Ристо Трајкоски, и други,** беа иницирани повеќе прашања во насока на подобра здравствена заштита, културна соработка, организирање заеднички средби и други активности, а беше утврдена потребата за донесување заедничка годишна програма за работа. Истовремено, двата Извршни одбори се договорија да изработат заедничка Декларација за решавање на најактуелните прашања на двете здруженија, со која ќе биде запознаен и СЗПМ. Претседателот на гостинското здружение најави дека во рамките на соработката, меѓу другото ЗП Солидарност Аеродром со свои претставници ќе учествува на 13–та регионална ревија чии домаќини се охриѓани, а делегација од истото ќе присуствува и на одбележувањето на јубилејот 65 години од формирањето на ЗП Охрид и Дебрца, на 19 јуни, годинава.

На заедничката седница стана збор и за бесплатниот автобуски превоз и другите бенефиции што ги користат скопските пензионери, а беше договорено да се покрене иницијатива за решавање на ова прашање преку ЗЕЛС, за што побараа задолжително посредување на СЗПМ.

Присутните членови на Заедничката седница на Извршните одбори, ги поздрави и претседателот на ЗП на Струга **Милорад Трпоски**, кој изрази големо задоволство од чинот на збратимувањето, посакувајќи вакви примереи да има повеќе. По заедничката седница, членовите на ИО на збратименото здружениеод од Скопје го искористија сончевото и топло време за посета на неколку историски и културни знаменитости на Охрид.



**К. Спасески**



Станка Трајкова

# Пензионерска социјална карта

Идејата за воведување Пензионерска социјална карта се роди во 2013 година, а на истата позасилено се работеше во 2014 година, која година Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија заедно со здруженијата на пензионери ја прогласи за Година на солидарност.

Со цел во здруженијата на пензионери да се спроведуваат различни активности, а особено на социјално–хуманитарен план, се покажа потребата од постоење на податоци за пензионерите – членови на едно здружение, за да може помошта односно услугата да ја добие оној пензионер кој тоа го заслужува. Целта е овој социјален документ да содржи валидни податоци за корисниците на пензија.

Заради значењето на Пензионерската социјална карта преку Комисијата за здравство и социјална политика, а потоа и Извршниот одбор на Сојузот се реши да се одвива како Пилот–проект во Здружението на пензионери „Ѓорче Петров" во Скопје.

Елементите што требаше да ги содржи Пензионерската социјална карта се внесени во Евидентен лист кој мораше да биде јасен и едноставен за пополнување од корисникот на пензија и нема цел пензионерот да го исплаши и изморы, туку да се добијат основни податоци за неговата социјална и здравствена состојба. Евидентниот лист содржи 19 прашања (адресни податоци на пензионерот, образование, социјална положба, со кого живее, дали издржува и друго лице, станбена состојба, здравствена состојба, вид на функции односно услуги за кои му треба помош и друго).

За пополнување на Евидентниот лист се подготви соодветно упатство и едукација на анкетарите. Позитивна е околноста што сите пензионери определени за анкетари ја прифатија задачата, а повратните информации покажаа дека многу важен е пристапот во домот на пензионерот.

По фазата на пополнување на податоците со голем ентузијазам се направи и внес на податоците. Нивната обработка и резултатите се токму оние кои сакавме да ги имаме: вкупен број на пензионерите во здружението, образовната структура односно степенот на завршено образование, брачна состојба, семејна состојба, бројот на членовите на домаќинството, податоци дали пензионерот издржува и други лица, сродството со издржуваните лица, висината на пензијата и друго.

Мошне значајни и очекувани се податоците за здравствената состојба каде што бројката за нарушена здравствена состојба е поголема со една или повеќе дијагнози – видови дијагнози, а не помалку важни се и податоците од каква помош имаат потреба пензионерите како што се: одржување на хигиена во стан и лична, набавка на прехранбени продукти и слично, плаќање на сметки, посета на здравствени институции, набавка на огревно дрво и друго. Така, од 6.000 анкетирани пензионери 140 искажале потреба од одржување на стан и лична хигиена, 71 за набавка на производи, 61 плаќање на сметки, 72 посета на лекар и друго. Што се однесува до болестите 1.024 пензионери се со хипертензија, тешко подвижни 223, дијабетес имаат 524, потешки кардиоваскуларни заболувања 551 итн.

Според висината на пензијата што ја добиваат пензионерите од Здружението „Ѓорче Петров" има 624 членови со пензија до 8.000 денари, од 8.001 до 12.000 денари има 1468 пензионери, од 12.001 – 20.000 има 1500 пензионери, а над 20.000 пензија користат 253 пензионери.

Податоците содржани во Пензионерската социјална карта ќе имаат и пошироко општествено значење во креирање соодветни политики за подобрување на стандардот на пензионерите, политики за подобра здравствена заштита на пензионерите односно податоци кои може да ги користат и надлежните органи, наменски, согласно прописите за заштита на личните податоци.

За здруженијата на пензионери значајно е дека преку Пензинерската социјална карта се добиваат вкрстени податоци за одредена целна група или поединечни податоци за пензионерот што служат за преземање поединечни мерки во конкретен случај како и за одредена целна група. Овие податоци ќе служат за развивање на волонтерството во здруженијата – членки на Сојузот со што уште повеќе ќе се зајакне кредибилитетот и ќе се оправда постоењето на здружението на пензионери каде што пензионерот членува и ја уплатува својата членарина. Така ќе престане реториката дека само говориме, а не оствaруваме затоа што резултатите од Пилот–проектот тоа го демантира со опипливи и конкретни резултати.

Добивката од постоење на Пензионерската социјална карта во практиката веќе ја користи Здружението на пензионери „Ѓорче Петров" за спроведување на социјални, солидарни, едукативни и друг вид активности. Тоа несомнено ќе покаже дека Сојузот заедно со пензионерските здруженија се граѓански асоцијации кои се грижаат за пензионерите и тие дејствувања содејствуваат со предизвиците на начинот на живеење на денешното урбано живеење.

На состанокот со претседателите кога се презентираше Пензионерската социјална карта познавајќи ја нивната грижа за пензионерите – членови на нивното здружение се доби позитивен инпут во намерата овој социјален документ да се имплементира и во други здруженија.

На крајот, неспорен е фактот дека пензионерите од едно здружение имаат потреба и од здравствени и социјални бенефиции бидејќи повозрасното население е важна општествена алка и претставува значаен социјално–економски ресурс придонесувајќи, пред сè преку улогата во семејството и волонтерското ангажирање во заедницата.

ЗП Делчево

# Моне Георгиевски нов претседател



Собранието на Здружението на пензионерите во Делчево, меѓу последните во Република Македонија, ја одржа изборната и конститутивната седница на Собранието.

Делегатите избраа Извршен одбор од 11 членови и статутарна и надзорна комисија со по 3 члена.

За нов претседател на делчевските пензионери е избран Моне Георгиевски, а за делегат во Собранието на СЗПМ е избран Јован Попов.

Новоизбраниот претседател ја образложи Програмата за работа и Финансискиот план на Здружението за годинава. По бурна, но конструктивна расправа, со неколку измени и дополнувања, двата документа беа едногласно усвоени.

Како најактуелни прашања пред новоизбраното раководство е да се разреши имотно–правниот статус на Домот на пензионерите во Делчево и во соработка со градоначалникот, Локалната самоуправа и Министерството за труд и социјална политика да се реализира проектот за отворање на дом за стари лица во Општина Делчево.

**В. Маневски**

Висока делегација од Албанија во СЗПМ

# Договор за проширување на соработката во интерес на пензионерите

Една од целите зацртани во Програмата на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија е и меѓународната соработка со пензионерските асоцијации во земјите од нашето соседство, но и пошироко. На тој план постојат резултати. Соработка постои и на



ниво на здруженија, но и со други земји. Во тој контекст е и посетата на делегација од Албанија предводена од **Кол Николај,** претседател на Конфедерацијата на син-



дикати на Албанија, во чиј состав се и пензионерите. Делегацијата ја прими претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** со потесното раководство во состав Бесник Поцеста, потпретседател на Собранието на СЗПМ и Станка Трајкова секретар на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ.

Заедно со господинот Кол Николај на средбата од албанска страна во Скопје присуствуваше и Назиф Даљани, претседател на Конфедерацијата на Поградец. Господинот Даљани е човекот којшто прв организирал средба на раководствата на пензионерите на двете земји пред десетина години и кој многу придонел оваа соработка да биде плодна и на посакуваното ниво.

Високиот гостин од Албанија на средбата го искажа своето воодушевување од резултатите и од активностите кои ги има Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.

– Фасциниран сум од постигањата на вашата организација предводена од господинот Драги Аргировски. Вие не сте пример само за земјите од опкружувањето, туку и за целиот Балкан и пошироко. Вашиот пример за нас е недостижен во моментов. Голема среќа е што соработуваме со вас бидејќи оваа соработка ни пружа можност да учиме од вас и да ги користиме вашите знаења. Се надевам дека нашата соработка во иднина ќе биде со уште подобри резултати и дека размената на искуства ќе придонесе за што подобар и поквалитетен живот на пензионерите во нашите две земји.

На средбата претседателот на СЗПМ Аргировски, пријатно изненаден што високиот гостин во толкава мера е запознаен со многу успеси и активности на нашата пензионерска асоцијација, во куси црти ги елаборираше активностите на СЗПМ во 2015 година, како идеите што ги има Сојузот во насока на проширување на областите за соработка со Албанија, но и со други земји во регионот и пошироко.



Потоа делегацијата ја прими претседателот на ССМ д–р Живко Митревски.

По официјалниот дел гостите го посетија Музејот на Мајка Тереза и ги разгледаа историските споменици на плоштадот од нашиот главен град.



Утредента високите гости од Албанија присуствуваа на традиционалната мултиетничка средба на пензионерите во Тетово каде на дело се запознаа како се дружат македонските пензионери без разлика на нација и вера и дека успешно комуницираат на јазикот на соживот и другарството, како пример за помладите генерации.

**Калина С. Андонова**

Меѓународна билатерална средба со пензионери од Словенија

# Размена на искуства и договор за активности во 2015 година

Делегација на Сојузот на здруженијата на пензионерите од Словенија, предводена од потпретседателот Донко Антон, деновиве претстојуваше во Македонија и оствари средба со претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски и членовите на Комисијата за меѓународна соработка Бесник Поцеста и Илија Глигоров. На средбата се разговараше за досегашната повеќегодишна успешна соработка и поддршка, но и за наредните заеднички проекти. Гостите пројавија интерес за нашите законски регулативи кои се однесуваат на пензионерите и тоа за висината, за редовноста и за зголемувањето на пензиите, а посебно за соработката со државната власт и локалната самоуправа по прашања од интерес на пензионерската популација. Тие посочија дека во значителен обем успеваат да решат одредени потреби преку домашни и странски донатори и грантови за проекти. Посебно ги интересираше нашата иницијатива за донесување закон за пензионерско организирање во Република Македонија, како новина во легислативата. Притоа стана збор и за спроведување на заеднички проекти со финансирање од Европската унија за подобрување на стандардот и условите за живот на пензионерите.



И двете страни беа согласни дека учеството на македонските претставници на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана во изминатите пет години покажа врвна соработка на неколку полиња, како што се фолклорните настапи, стручно–научните реферати на актуелни теми за пензионерите и општеството, на саемската



манифестација, на средбите за размена на искуства, на збратимувања помеѓу македонски и словеначки здруженија и други активности. Се доби потврда дека и оваа година од страна на ЗДУС и ЕУ ќе бидат обезбедени средства за делегација и фолклорно друштво кои ќе земат учество на познатиот меѓународен фестивал за трета животна доба во Љубљана.

Средбата беше искористена и за промоција на високоценетите македонски вина.

За неколкудневниот претстој делегацијата од Словенија разгледа знаменитости во неколку градови во Македонија, почнувајќи од плоштадот Македонија во Скопје и завршувајќи на Широксокак во Битола.

**И.Г.**

ЗП Тетово

# Мултиетничко дружење

Во ресторанот „Арена" во Тетово на 16 мај се собраа над 300 пензионери од повеќе здруженија речиси од сите краишта на нашата земја. Дружењето, создавањето нови пријателства и соживот беа содржина на оваа традиционална манифестација – „Мултиетничка средба на пензионерите на Македонија". Во Тетово како најмултиетнички град другаруваа луѓе од „третото доба" од различни етникуми со изворен народен фолклор, песни на македонски, албански, турски, ромски, српски јазик, а ората беа вистинско шаренило од играорци кои немаа друга идентификација освен – пензионери.

Организатор на оваа мултиетничката средба на пензионерите беше ЗП Тетово, а покровител СЗПМ. На присутните први им се обратија домаќините: **Стојан Соколовски**, претседател на Собранието и **Шабан Азизи**, претседател на ИО на ЗП Тетово, на македонски и албански јазик:

– Нашиот град и целиот долнополошки регион се одликува со национално мешано население. Најбројни се Албанците, Македонците, Турците и Ромите, а има и од други национални заедници: Срби, Хрвати, Словенци, Бошњаци, Власи, Црногорци. Составот е разнолик, но активностите на нашето здружение се заеднички: екскурзии, прошетки, летувања, бањско–климатски одмори, спортски натпревари, културно–уметнички приредби. Нашите членови настапуваат со изворна народна музика и фолклор, негувајќи ги културните вредности на сите кои живеат на овие простори. Таква порака испраќаме и од овде, од Тетово. Ние пензионерите на помладите им порачуваме да продолжат да го негуваат заедничкиот живот, како најбогата придобивка на овие простори, – нагласија Соколовски и Азизи.

На средбата присуствуваше и за отворена ја прогласи **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, кој во оваа пригода рече:

– Почитувани пензионерки и пензионери, дами и господа, дозволете ми во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија најпрвин да ги поздравам високите гости од Република Албанија: господинот **Кол Николај,** претседател на Конфедерацијата на албанските синдикати, во која членуваат и пензионерите, и господин Назиф Даљани претседател на Конфедерацијата од Поградец. Денеска дојдовме тука од сите краеви на Република Македонија не да се веселиме, туку да се дружиме со порака за меѓуетничка почит и солидарност и да покажеме дека СЗПМ како најмасовна и најактивна невладина, неполитичка и мултиетничка асоцијација се залага за соживот и мир и за подобро утре на сите пензионери и граѓани во нашата заедничка држава. Пензионерите членови на нашиот Сојуз им изразуваат длабока почит и благодарност на безбедносните сили на Република Македонија за нивната храброст и пожртвуваност во одбрана на животите на жителите и на суверенитетот на нашата земја. Ги поддржуваме безрезервно нивните усилби и акции бидејќи тие се дело на луѓе кои си ја сакаат својата земја и слободата на сите кои живеат во Република Македонија без разлика на вера и нација. Ние како најстари граѓани на нашата земја, како искусни и мудри луѓе сме за мир и соживот. Поклонувајќи им се со почит на загинатите наши бранители, воедно изразуваме длабоко сочувство на семејствата на осумтте припадници на безбедносните сили кои ги дадоа своите животи во Дивата населба во Куманово во борбите со оние кои не и мислат добро на нашата земја. Свесни сме дека ништо не може да им ја надокнади големата загуба. Единствена утеха ќе им е само тоа што имале синови, браќа, сопрузи и татковци, херои! На повредените им посакуваме што побрзо да закрепнат.



Пензионерите во Македонија посакуваат вакви терористички напади никогаш да не се повторат, состојбата во нашата земја да се стабилизира и нормализира и да продолжиме со успешен развој на соживотот во нашата земја. Со оваа порака ја прогласувам оваа значајна средба на пензионерите за отворена.



На средбата се обрати и претседателот на Конфедерацијата на синдикатите на соседна Албанија, **Кол Николај**, кој притоа истакна:

– Со СЗПМ веќе неколку години успешно соработуваме и сѐ повеќе се зближуваме и како пензионери и како граѓани на две соседни земји. Присутни сме на значајни собири и во двете држави. Општествата имаат обврски кон возрасните луѓе, кон припадниците на „третото доба", а ваквите средби претставуваат душевна храна и место за развој на соживот меѓу нив. СЗПМ и пензионерската асоцијација на Албанија треба да ги проучат можностите за ваквите заеднички средби, за културни манифестации и спортски натпревари, а со тоа ќе се продлабочи соработката меѓу членството на двете држави. Му се заблагодарувам на многу почитуваниот претседател Драги Аргировски и на СЗПМ за досегашниот тек на меѓусебната соработка. Таа е пример и за другите во соседството и симбол на здружувањето и рамноправноста на сите национални припадности. Ви благодарам за приемот и за незаборавниот пречек во Република Македонија, како и на оваа средба. Ваквите собири и манифестации каде има претставници од разни ентитети покажува дека Балканот треба да се насочи кон Европа.

**Гојко Ефтоски**

Министерот Спасов во посета на пензионерите

# Пензионерите задоволни од благодатите на владините проекти

На 25–ти април оваа година, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Драги Аргировски и градоначалникот на општина Дојран Борче Стамов, како и дел од раководството на ЗП Гевгелија и ЗП Дојран, ги посетија пензионерите во Дојран, во хотелот Полин, кои користат бесплатен туристички викенд во рамките на истоимениот владин проект. Во ресторанот беа присутни околу стотина пензионери од четвртата смена. Во пријатна и релаксирана атмосфера гостите беа запознаени со впечатоците на пензионерите, кои во разговорот искажаа задоволство од престојот, од сместувањето, услугата, грижата за оние кои имаат здравствени проблеми, како и од незаборавните утрински и попладневни прошетки крај езерото. При посетата министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, задоволен од она што го слушна од присутните рече:





– Би сакал да истакнам дека грижата за пензионерите е наша обврска и должност, меѓутоа во исто време и наша заложба и задоволство. Достоинствениот живот на пензионерите, квалитетниот живот во третата доба е наша определба како Влада на Р. Македонија, така и на Министерството за труд и социјална политика. Со реализација на низа проекти истото го потврдуваме. Проектот „Бесплатен туристички викенд" за прв пат почнавме да го реализираме оваа година, во која ќе бидат опфатени околу 3000 пензионери. Тие ќе имаат можност да присуствуваат на бесплатен туристички викенд во Дојран, Охрид, Струга, Берово, Крушево и во Преспа. Проектот опфаќа два полни пансиона со бесплатен превоз и истиот чини околу 7 милиони денари, а се планира да продолжи и следните години.



Министерот Спасов посочи дека радува фактот кога корисниците на овој проект се задоволни од реализацијата бидејќи истиот им овозможува да ги посетат и да уживаат во туристичките места, во кои никогаш не биле или биле пред многу години.

– Во соработка со СЗПМ продолжуваме да ги реализираме позитивните проекти за поквалитетен и достоинствен живот на корисниците на пензија, во рамките на зголемување на пензиите и на реализација на бесплатни проекти како што се бањско–климатската рекреација, бесплатен туристички викенд и други, проекти со кои значително се подобрува животот на корисниците на пензија, – нагласи Спасов.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски,** им упати срдечни поздрави на присутните и притоа искажа задоволство од соработката со Министерството за труд и социјална политика.

– Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е благодарен на Владата, а особено на Министерството за труд и социјална политика за досегашната поддршка во подобрување на стандардот и животот на пензионерите. Се надеваме дека таа соработка ќе продолжи и во иднина, бидејќи овие добивки за пензионерите многу значат за подобрување на здравјето, за подобар соживот, како и за нивна социјализација.

Градоначалникот на Дојран **Борче Спасов** ги покани пензионерите повторно да дојдат во Дојран на Регионалните пензионерски спортски натпревари  и на дружење кое ќе биде по повод отворањето на туристичката сезона и да уживаат во убавините на Дојранското Езеро.

– Со своето присуство пензионерите придонесуваат туристичката сезона да биде многу побогата, а Дојран и Дојранското Езеро како туристичка дестинација поафирмирани.

На 29 април министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Драги Аргировски, и градоначалникот на општина Гевгелија Иван Франгов, исто така, ги посетија пензионерите кои ја користат услугата бањско–климатска рекреација во здравствената установа, природно лекувалиште „Негорски Бањи" АД Негорци, Гевгелија.

При посетата на пензионерите министерот Спасов посочи дека е задоволство кога ќе се видат на едно место толку среќни и насмеани луѓе, притоа нагласи дека токму тоа дава поттик да се продолжи со реализација на проектите коишто се насочени кон подобар живот на највозрасните граѓани на Република Македонија, бидејќи тоа тие го заслужуваат.

– Еден од тие проекти е бесплатната бањско–климатска рекреација за корисниците на пензија во Република Македонија. Проектот продолжуваме да го реализираме во 2015 година, каде што е планирано оваа бесплатна услуга да ја искористат 5.500 пензионери. Тој опфаќа бесплатен превоз и шест полни пансиони со бањска рекреација и здравствени прегледи од медицински лица. Вкупно средства кои се обезбедени за реализација на овој проект се во износ од 33 милиони денари од Буџетот на Владата на Република Македонија, како и уште 3 милиони денари за рефундирање на превозот на пензионерите коишто се корисници на оваа бесплатна услуга, – рече Спасов.



– Оваа година приоритет за користењето на услугата бесплатна бањско–климатска рекреација исто како и за бесплатниот туристички викенд предност имаат корисници на пониски пензии, коишто подолго време се со пензија, исто така и на инвалидски пензии со над 80% инвалидност како и корисниците на пензија коишто во минатото биле рудари или работеле во подземен ископ. Проектот завршува на крајот на месец мај, а потоа продолжува со реализација во месец септември и октомври оваа година. Со Владата на Република Македонија, планираме да го продолжиме и во следните неколку години.

Претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери Драги Аргировски, при оваа посета на пензионерите во Негорски Бањи потенцираше дека овој проект е од големо значење за возрасните лица, за нивното здравје, за дружење и склопување нови пријателства и при тоа го поздрави неговото продолжување.

– Овој проект СЗПМ го поддржа пред пет години и за пофалба е што тој ги надмина нашите очекувања. Досега овој бенефит го искористија 27.430 корисници на пензија главно со пониски пензии, а годинава со овој проект ќе бидат опфатени нови 5.500 пензионери, со што вкупниот број корисници на бесплатна бањско–климатска рекреација ќе изнесува околу 33.000 пензионери. Тие уживаа во чистиот воздух и лековитите минерални води во Негорски и Катлановски Бањи, во Цар Самуил кај Струмица и Дебарски Бањи–Цапа. Проектот придонесува и за ширење на пријателството и соживотот меѓу пензионерите, како и за развојот на бањскиот туризам во Република Македонија.

Градоначалникот на Гевгелија **Иван Франгов** ја нагласи многу добрата соработка со Здружението на пензионерите во Општината, како и со СЗПМ, и рече дека локалната самоуправа ќе се залага за натамошна модернизација на бањите во Негорци.

**К.С. Андонова**

Климатско–бањска рекреација во Бања Банско

# Незаборавна недела

На дванаесет километри југоисточно од Струмица, во подножјето на Беласица, богата со шума и бистри планински потоци, кај селото Банско, сместена во хотелот „Цар Самоил", се наоѓа термоминералното и на далеку познато лекувалиште од антично време, Бања Банско, за што сведочат археолошките остатоци, а од каде се простира прекрасен видик кон Струмичко поле. Во рамките на Владината акција за бесплатна бањско–климатска рекреација за корисниците на пензија, последната недела од месец април, група од 180 пензионери, престојуваше седум дена во овој бањски комплекс. Умерено континенталната клима, хипертермалните минерални извори, со температура на водата до 72 целзиусови степени и со исклучителна моќ на лекување, богатите и разновидни шуми, чистиот воздух и хотелското сместување во двокреветни и трикреветни соби, се идеални услови за рехабилитација, лекување, ревитализација на организмот и продолжување на животот на пензионерите. Сето тоа е причина за големиот интерес за користење на овој бањски капацитет.



По пристигнувањето и сместувањето во преубавите соби, пензионерите најпрво одат на лекарски преглед и одредување терапии за седумдневниот престој, како што се: терапија во базен и када, електро терапија, вежбање во сала со справи и слично. Сето тоа, потпомогнато со најсовремена медицинска техника и високостручна медицинска екипа, посветена на дејноста што ја извршува бањата, физикална медицина и рехабилитација. Широк е спекторот на болестите за кои помага водата при лекувањето во бањата. Почнувајќи од сите видови ревматични заболувања, ишијалгија, заболување на дишните органи, болести на органите за варењето, па се до посттрауматски и постоперативни состојби од ортопедија.

Групата што престојуваше во овој период имаше прекрасни топли сончеви денови, што овозможи престојот и дружењето да бидат попријатни. Некои од пензионерите, по направените терапии денот го поминуваа играјќи шах, табла, домино. Сите беа раздвижени, весели, шетаа покрај шумата, по трим патеките околу бањата или ги разгледуваа ископините од старата римска бања.

Сите беа едногласни во изјавите дека стекнале многу пријатели, добро се одмориле, а и некои подобро се чувствуваат од самиот престој и терапиите во бањата.

– Презадоволен сум од условите во бањата и од персоналот. Секој ден правам терапии што ми ги одреди лекарката. За овие неколку дена, поминати овде почувствував подобрување на здравјето, – ни изјави **Иван Зиламов** од Скопје.

– Прекрасно си поминавме, се дружевме, веселевме како едно семејство да бевме. Благодарност до вработените, кои во секој момент беа љубезни со нас. Запознав пријатели од други градови, Скопје, Кавадарци, Кочани, – додаде **Стојан Лазаровски** од Пехчево.

– Има за што да им раскажувам на моите деца и внучиња. За убавините, за лековитите води, за другарувањето и поминатите прекрасни моменти, – рече **Трајко Ѓорев** од Кавадарци.

**Васил Пачемски**

ЗП Крива Паланка

# Впечатоци од бесплатен викенд во Дојран



На 27–март 2015 година и втората група пензионери од Крива Паланка тргна на бесплатен туристички викенд и одседна во хотелот „Полин" во Дојран. Превозот до оваа атрактивна и се повеќе посетувана дестинација од пензионерите во двата правци беше во организација на агенцијата „Атлантис" од Струмица. Импресионирани од приемот и сместувањето во хотелот пензионерите со воодушевување раскажуваа за убавиот пречек, за високата категорија на собите за сместување, кои се опремени со ТВ приемници и клима–уреди, а посебно беа задоволни од квалитетот на храната.

Сепак, најголем впечаток им остави втората вечер кога беше организирана заедничка забава на која со жива музика и во пријатна атмосфера сите се забавуваа и се дружеа. Така, туристичкиот викенд и за оваа група пензионери од ЗП Крива Паланка заврши и ќе остане како незаборавно дружење, кое ги оттргна од секојдневието оптоварено со проблеми и тешкотии што ги наметнува животот во третата доба. Колку беа среќни и весели што токму тие беа избрани за овој бесплатен туристички викенд, им се читаше и од нивните очи од кои зрачеше убав поглед кој ги исполнуваше со топлина и позитивна енергија.

**Б. Стојчевска**

ЗП Радовиш и Конче

# Голем интерес за работилницата на ФЗОМ

На 7–ми мај 2015 година во клубот на пензионерите во Радовиш беше одржана едукативна работилница на тема „Новини и олеснувања за користење ортопедски помагала и снабдување со лекови". На почетокот гостите ги поздрави и работилницата ја отвори претседателот на Здружението **Јордан Костадинов**, кој изрази задоволство што на оваа едукативно–информатичка активност присуствуваат голем број пензионери, а воедно тој се заблагодари и за досегашната одлична соработка помеѓу ФЗОМ и СЗПМ.





Своја презентација на тема „Снабдување со лекови" имаше **Христина Тасевска**, директорка на Секторот фармација, која зборуваше за унапредувањето на здравствениот систем на Република Македонија и преземањето нови мерки за обезбедување лекови од позитивната листа и за обврските на аптеките и нивна контрола.

Д–р **Силвана Андова** опширно зборуваше за новините и олеснувањата при обезбедувањето и користењето на ортопедски помагала, а посебно ги истакна: протезите за нозе и раце, за рбетниот столб, појас за фиксирање, ортопедски чевли и чорапи, инвалидска количка, како и очните, ушните и заботехничките средства и помагала.

Предавањата беа проследени со големо внимание, а на сите поставени прашања пензионерите добија опширни одговори.

**Л. Младеновска**

ЗП Тетово

# Признание од Словенија



На 7–ми мај, 50–тина пензионери од Словенија го посетија меѓу другите градови и Тетово. Гостите од Словенија по овој повод на домаќините им подарија збирка песни „Душа Потујета" од Бреда Бизиљ и Тане Јан и еден уметнички релјеф во минијатура.

На средбата, на Гојко Ефтоски, доскорешниот претседател на Собранието на Здружението на пензионерите на Тетово, му беше врачен Орден на друштво на пензионерите од одбраната на Република Словенија. На пригоден начин орденот му го врачи Антон Донко, заменик претседател на Сојузот на пензионерите на Словенија. Доделувањето на ова признание се должи на придонесот на Ефтоски во соработката со Сојузот на пензионерите на Словенија, особено за време на претстојот на претставници на ЗП Тетово во 2013 година во Љубљана, за време на одржувањето на 13–тото издание на фестивалот „Трето животно доба" што се одржа во Словенија. На фестивалот во 2013 година, Ефтоски поднесе и реферат на тема „Остварување на програмските задачи на пензионерите во мултиетничка животна средина". Учествуваше на сите содржини во рамки на манифестацијата за квалитетен настап на двете групи во Цанкарјев дом, кои квалитетно се претставија на македонски и албански јазик.

**Е.Г.**

Актив на пензионерки при ЗП Вевчани

# Големи желби и амбиции



Активот на пензионерки при ЗП Вевчани, кој правно делува врз основа на Статутот, полека, но сигурно се обидува да се наметне со својата активност и да стане рамноправен чинител. Според зборовите на претседателката **Наумка Русеска**, која вели дека, иако се нов Актив и постојат колку и здружението од ноември 2012 година, имаат амбициозни планови.

– Сето ова ќе го оствариме бидејќи имаме целосна подршка од раководството на здружението. Веќе воспоставуваме контакти со активите на пензионерки од здруженијата од четвртиот регион на кој припаѓаме, а секако очекуваме и поддршка од СЗПМ. Нашата активност, – вели претседателката Русеска, – ќе биде насочена кон организирање акции од хуманитарен карактер, здравстена едукација на пензионерките со организирање предавања за актуелни болести од здраствен карактер, соработка со невладини организации, вклучување во културни манифестации, еколошки акции, спортски и други активности, каде што пензионерките имаат доминантно влијание. Во план е формирање на Пејачка група за учество на регионалните фолклорни ревии од нашиот регион, а очекувам тоа да го реализираме во најкус можен временски период, бидејќи, во план сме следната 2015 година, ние како здружение да понудиме предлог до СЗПМ да бидеме домаќини на Регионалната фолклорна ревија на песни, музика и игри во Вевчани, бидејќи ги исполнуваме сите просторни и други технички услови.

Претседателката Русеска, најавува дека покрај зацртаните активности согласно Програмата, посебно внимание ќе посветат на физичката култура, не само за учество во спортксите натпревари на ниво на регион и на републичките натпревари на СЗПМ, туку и поради значењето што го има од здравствен аспект за пензионерките.

– Овие активности се едни од позначајните и се само дел од севкупните наши програмски определби на Активот на пензионерки, во 2015 година, – појаснува претседателката Наумка Русеска.

**К. Спасески**

СЗИПМ Штип

# Малку средства - малку активности



Деновиве Извршниот одбор на Сојузот на Здружението на инвалидски пензионери на Македонија со седиште во Штип, во Прилеп ја одржа својата прва седница со која раководеше претседателот на Собранието на СЗИПМ, Љубомир Јанев. Делегатите од ЗИП Св. Николе, Велес, Куманово, Прилеп, Карпош и Чаир од Скопје, Кавадарци и Охрид, за претседател на ИО на Сојузот го избраа Томе Мазгалоски од ЗИП Прилеп. Беа разгледани и финансискиот извештај за минатата година и планот за годинава. Лани, по сѐ изгледа и оваа година, Сојузот работел и ќе работи само со 153 илјади денари. Дел од вината беше „фрлена" и на здруженијата членки на Сојузот, заради неажурирањето на своето членство, а и од поделеноста и членувањето во другиот сличен на овој, сојуз од Тетово. На седницата се истакна и дека сѐ додека не се надмине овој проблем и дел од здруженијата од Скопје не бидат поактивни, проблемите, посебно со средствата, а од тоа и со активностите ќе се провлекуваат од година во година. ИО на СЗИПМ го прими во Сојузот и ЗИП БМВ од Свети Николе.

**К.Р.**

Од активностите на здружението на пензионери Битола

# Координативни состаноци

На 5 мај во просториите на ЗП Битола, беше одржана средба со претставниците на Здруженијата од девет градови од југоисточниот дел на Македонија, а по повод организација на овогодишните средби на манифестацијата „Пензионерите пеат".



Состанокот е организиран со цел да се усогласат термините за одржување на средбите, раководени од годишните планови на здруженијата од Битола, Прилеп, Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Струмица, Богданци и Велес. Оваа манифестација е самоиницијативна од споменатите здруженија и се одржува подолг временски период, на задоволство на сите членови–пензионери, со понудена поддршка од Сојузот на ЗП на Македонија. Со состанокот раководеше претседателот на ЗП Битола **Томе Илиовски**, кој ја истакна потребата од продолжување на традицијата за одржување на ваквите средби, во кои е нагласена тесната соработка со останатите здруженија и блискост на пензионерите. На крајот од средбата беше одлучено да се одржат три манифестации, и тоа: во Битола, Велес и Неготино, а како ориентирен термин да бидат месеците август, септември и октомври.

**Д. Тодоровски**

# Промоција на книгата Книжевни написи од Васил Дрвошанов



Во Клубот на љубителите на книгата при Здружението на пензионери Солидарност – Аеродром, Скопје на 26 мај, се одржа промоција на книгата Книжевни написи од универзитетскиот професор **Васил Дрвошанов**. Промотори беа Мишо Китаноски, писател, новинар и публицист и Андрија Дојчиноски, писател. Во книгата поместени се студии во кои системно и аналитички се разгледуваат научни и белетристички дела од четворица автори: проф. д–р Васил Тоциновски, проф. д–р Горан Калоѓера, хрватски македонист, проф. д–р Стојан Ристески и Методија Тошевски. Авторите и текстовите градат една хомогена целина чиј што знак е традицијата и континуитетот на македонската книжевност, култура, јазик и историја. Во текот на 19. и 20. век движењата, авторите и делата јасно ги потврдуваат и се залагаат за самобитноста и непокорот на Македонија. Тоа е период кога најдлабоко се заорува и се афирмира македонската национална мисла.

Просториите на Клубот беа исполнети до последно место што надобро ги потврдуваат интересот и грижата на членството кое што традиционално се дружи секој последен вторник во месецот.

**В. Тоциновски**

ЗП Карпош

# Активности преточени во резултати

Од вкупните активности планирани со Програмата за работа, Здружението на пензионери Карпош, во второто тромесечје оваа година приоритет им даде на подготовките за настап на регионалните спортски натпревари и ревиите на песни, музика и игри. Подготовките особено беа интензивирани откако се дознаа датумите за одржување на овие манифестации, иако претходно по ограноците беа одржани средби и определени учесниците за настап првенствено во спортските дисциплини. Вака рано започнатите подготовки претседателот на ИО **Трајко Савески** ги коментираше како планско дејствување на раководството и непрепуштање на случајности ниту во кој било сегмент од работата на здружението. Таквиот однос вроди плод и при изборот на претставниците за настап на регионалните спортски натпревари, кога на спортската средба помеѓу ограноците, според резултатите беа одредени најдобрите натпреварувачи, кои на првенството во Тетово на 22 мај се покажаа во најдобро светло.



Исто така, раководството нз ЗП навреме изврши подготовки за настап и на Регионалните ревии на песни, музика и игри, на кои Здружението, покрај импресивното претставување со своите учесници – хорот „Серенада" и поетесата Лидија Лучко Јеремиќ, се покажа како добар домаќин и соорганизатор на ревиите.

– Веднаш по нашето одредување за домаќин на ревиите одржавме седница на Извршниот одбор и ги прецизиравме задачите на членовите, така што сите се вклучивме во подготовките и навреме обезбедивме сала во Драмскиот театар во Карпош, договоривме уредување и озвучување, регулиравме прифат на учесниците и ги презедовме сите мерки и активности оваа манифестација да се одржи најдобро, – вели претседателот Савески.

Здружението во мај успешно реализираше и други придружни активности. Активот на пензионерки со претседателката **Ратка Коколанска** организираше хуманитарна акција за собирање стара облека во соработка со Црвениот крст, потоа беше реализирана екскурзија во Крива Паланка со посета на манастирот „Св. Јоаким Осоговски", а со значителен број пензионери Здружението учествуваше и на меѓуетничката средба на 16–ти мај во Тетово.

**М.Д.**

**Редослед на 20-тите регионални спортски натпревари во 2015 година**

1. На **22.05.2015** година **(петок)** натпреварите се одржаа меѓу здруженијата од **вториот регион**. Домаќин и соорганизатор беше **ЗП Тетово**.
2. На **05.06.2015** година **(петок)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **петиот регион**. Домаќин и осорганизатор е **ЗП Дојран.**
3. На **06.06.2015** година **(сабота)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **четвртиот регион**. Домаќин и соорганизатор е **ЗП Кичево**.
4. На **10.06.2015** година **(среда)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **шестиот регион**. Домаќин и соорганизатор на натпреварите е **ЗП Крива Паланка**. Натпреварот ќе се одржи во с. Гиновци кај рибникот.
5. На **12.06.2015** година **(петок)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **седмиот регион**. Домаќин и соорганизатор е **ЗП Ново Село.**
6. На **13.06.201** година (**сабота)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **првиот регион**. Домаќин и соорганизатор е **ЗП Солидарни пензионери - Илинден од Скопје.**
7. На **18.06.2015** година **(четврток)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **третиот регион**. Домаќин и сооорганизатор е **ЗП Прилеп**.
8. На **27.06.2015** година **(сабота)** натпреварите ќе се одржат меѓу здруженијата од **осмиот регион**. Домаќин и организатор е биде **ЗП Македонска Каменица.**

Комисија за спорт и рекреација
Претседател
**Здравко Петковски**


Знам зошто.
Вашата пензија секогаш навреме.
НЛБ Сребрен пакет
ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Тутунска банка
НЛБ Сребрен пакет
• VISA Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Тутунска банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во сите аптеки на Зегин
• 3% попуст во ВЕРО маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
NLB Тутунска банка
www.nlbtb.com.mk
Контакт центар: 02/15-600


ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
PHARMAVITAL
LUTEIN FORTE
NAHRUNGSERGÄNZUNGSMITTEL
NEUE REZEPTUR
AUGEN KAPSELN
30 KAPSELN HOCHDOSIERT
LUTEIN FORTE
Витамин А, Витамин Б2 и цинк кои придонесуваат за одржување на видот.
Витамин Ц и Витамин Е кои придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес.
NEURO VITAL FORTE
NEW FORMULA
Improves Brain Function, Mental Focus & Memory
AMINO ACIDS
MAGNESIUM
VITAMIN B6
VITAMIN C
GINKGO
МОЗОЧНА ФУНКЦИЈА
МЕНТАЛЕН ФОКУС
ПОМНЕЊЕ
За нормална физиолошка функција и нормална функција на нервниот систем
ГИНКО БИЛОБА, АМИНОКИСЕЛИНИ, МАГНЕЗИУМ, ВИТАМИН Ц, НИАЦИН.
PHARMAVITAL ГЕРМАНСКИ КВАЛИТЕТ ЗА ОДЛИЧНА ЦЕНА

ЗП Прилеп

# Се подготвуваме за освојување на првото место

Време: Четврток, 14 мај 2015 година, 17 часот, погодно за спортување.

Место: спортски терени на Паркот на револуцијата во Прилеп.

Скоро два часа минавме заедно со спортистите – пензионерите и пензионерките од спортските атлетски дисциплини на ЗП Прилеп.

– Редовно, секој понеделник и четврток тренираме – трчаме, правиме вежби за загревање, фрламе ѓуле, тегнеме јаже, вежбаме да бидеме први на годинашните регионални пензионерски спортски игри што ќе се одржат на 18 јуни во Прилеп. Во среда и петок тренираат стрелците, а секојдневно во клубот се вежба шах, табла, домино, пикадо. Ќе учествуваме во сите дисциплини што ќе бидат застапени. Тренираме со елан, желба и надеж дека ќе успееме да бидеме први. Редно е годинава да постигнеме најдобар успех – рече на почетокот на средбата, тренерот, сега пензиониран професор по физичко воспитување, **Борче Тодороски**. Пензионерите – спортисти се доста послушни, дисциплинирани, работат, вежбаат, а во тоа се уверивме и сами. Нема „забушавање", целта е една и единствена – првото место за спортистите од ЗП Прилеп. Така барем ни рекоа на паузите од тренингот.



– Наше е да го слушаме тренерот. Сепак тој е стручен и подобар од нас. Се трудиме да бидеме редовни и точни на тренинзите. Вежбаме засилено, оти лани, на Олимпијадата во Тетово, за малку нè победија охриѓани – се вмеша во разговорот **Ѓоре Василески**, кој со двете раце се држеше за јажето, дисциплина во која учествува.

Во паузата меѓу вежбите поведовме разговор и со **Милка Ѓореска**, претседател на огранокот Центар, во кој членуваат 760 пензионери. Се пофали дека е единствен претседател жена меѓу 19–те претседатели на ограноците при ЗП Прилеп.

– Во женската екипа сум за тегнење јаже. Нова сум како спортист и ги слушам инструкциите на тренерот. Како претседател на огранокот, имам повеќе планови за активности. Мислам дека можам да реализирам поголема програма, што ја донесовме при изборот. Ќе им докажам на колегите претседатели дека можеме да направиме многу. Ќе бидеме успешни. Проблем ни е просторот, оти немаме свое „вежбалиште" – клуб, а пензионерите, особено оние воените, сакаат и можат да бидат активни. Ќе се избориме и за обезбедување просторија. Пред да се пензионирам, бев слаткарка, а еве, сега сум и спортист. Вака некако, со дружење, мислам дека полесно и неосетно се старее, па, нели, тоа е и целта на постоењето на здруженијата на пензионери – довикна Ѓореска, местејќи се и заземајќи подобар став да го задржи јажето да не премине на другата страна.

На другиот крај од спортските терени, Маријана Пешталеска и нејзиниот колега Димко Мицески, вежбаа фрлање ѓуле.

– Наше е да се дружиме, да вежбаме, а се разбира, на натпреварите и да победиме – ни рече **Аце Беличанец**.

А, Миле Трпаноски и Лилјана Ѓорѓиоска трчаа по патеката околу теренот, подготвувајќи се за трчање на 60 и 80 метри. Времето одминуваше, а веќе и се пристемни. Спортистите ја бришеа потта. Ги оставивме и им посакавме успех на претстојните натпревари.

**К. Ристески**

Повод: Петти јуни – светски ден на екологијата

# За еколошка свест и одговорност

Поминаа 43 години откако во Стокхолм на 5 јуни 1972 година, започна првата Конференција на ООН за заштита на животната средина со учество на 160 претставници на држави, влади, научници, општествени работници и други од 117 земји во светот. На овој седумдневен самит на отворањето, тогашниот генерален секретар Валдхјам рече: „Денес сме соочени со ситуација каква што човекот досега во светот не познава. Првпат во историјата човештвото се најде во природна криза што ги опфаќа сите живи организми – човекот, животните и растенијата, целиот животен систем, сите нации, големи и мали, развиени и неразвиени. Поради тоа мора осмислено да дејствуваме, сите да се договараме, да ги контролираме еколошките нарушувања, да ги спречуваме и да ја отстраниме опасноста што и се заканува на планетата Земја".

По самитот практично започна продуцирање на институционалните организации, донесување национални стратегии за заштита на животната средина, законска и програмска регулатива, формирање еколошки организации и движења.

За реализација на определбите од еколошкиот самит најпрвин се вклучи Европа со Конференцијата за безбедност и соработка во Европа одржана во Хелсинки во 1975 година, каде што оперативно се поставија насоките за квалитетот на животната средина, со Регионален еколошки центар во Будимпешта. Следат самитите за: бучавата во Париз (1980); глобално затоплување во Женева (1990); за животна средина и развојот во Рио де Женеиро (1992) за контролирана потрошувачка на фосилните горива и влијанието на климатските промени. Во 1995 година, беше организирана Конференција за балканска еколошка соработка во Софија посветена на заштита на животната средина во регионот. Истата година во Рим под покровителство на ООН се одржа светски самит на тема – „Воздржливиот развој на големите светски економии во користење природни ресурси – фосилни горива, со предност на користење чисти и обновливи извори на енергии". И понатаму следеа големи светски еколошки самити за животната средина во Кјото, Копенхаген и други еколошки собири.

Експертите предупредуваат дека во последните 100 години јаглеродниот диоксид во атмосферата се зголемил од користењето на фосилните горива за сто насто, температурата на копното пораснала на глобално ниво за 0,5 степени Целзиусови, а нивото на неистечните површински води се зголемило за 10–15 см. Доколку се продолжи со истиот тренд со зголемувањето на овој гас, до крајот на векот температурите на копното ќе се зголемат 3–5 степени, а нивото на морињата и океаните ќе порасне неколку метри поради топењето на глечерите со катастрофални последици на потопувањето на приморските градови, населби и земјоделски површини.

Покрај многубројните мерки што се преземаат на овој план преку медиумите дознаваме дека во светски размери сериозно се загрозени екосистемите на Планетата, површинските и подземните води, почвите, шумите, воздухот, а изумираат и голем број растителни и животински видови. Се нарушува природниот систем на размена на материјата и енергијата во биосферата. Во биосферата се присутни голем број загадувачки материи од хемиско, органско и неорганско потекло што се резултат на цивилизацијата, индустријализацијата, сообраќајот и севкупниот техничко–технолошки прогрес.

Во нашата средина сведоци сме на загадувањето на воздухот , водите и почвата. Така во нашите поголеми градови воздухот е загаден повеќе пати над дозволените норми (Скопје, Тетово, Кичево) во поединечни периоди од годината, површинските води (Вардар, Брегалница, Црна Река) се загадени исто така над утврдените нормативи, присутен е помор на рибите и сл. Се уништуваат шумите поради честите пожари и паразитските болести и бесправната сеча. На сето оваа кога ќе се додадат и проблемите со нерегулираните речни корита и честите поплави во последните години на земјоделските површини и населби во државата, третманот со отпадните води (освен во неколку градови), нерешени градски депонии со цврст отпад (а сега и со електронски) и слично, еколошките состојби во одделни региони ги прават критични.

По повод 5 јуни не е на одмет да се потсетиме на спомenатите еко–проблеми, но не со цел да се заплашиме и предизвикаме песимизам и безизлез, туку напротив да поттикнеме размислување, мобилност и готовност за еколошка свест и одговорност. Во очекување на подобро еколошко утре во остварувањето на човековото право на здрава природна и животна средина мора да се заложиме за поодговорен однос на институциите и на сите поединци во општеството за сфаќањето на природните законитости и на односот на луѓето и на цивилизацијата во неа и кон неа. Само така можеме да ја градиме еколошката етика и човековиот хуманизам и однос кон природата и да се надеваме на здрава природна и животна средина.

**Д-р. Мирко Макрешански**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Нови олеснувања за плаќање на долгот

Во постојано присутните напори за јакнење на финансиската кондиција, односно собирањето на средства за редовна исплата на пензиите, Менаџерскиот тим на Фондот на ПИОМ вложува максимални напори. Нападите и критиките што доаѓаат од некои поединци дека фондовската каса наскоро целосно ќе биде празна, не оди во насока за подобрување на општата финансиска состојба, туку напротив, за целосен крах на нашата пензиска политика.

На владиниот предлог, заостанатите долгови што се направени до крајот на 2008 год., а тоа значи останале неплатени придонесите за пензиското и инвалидско осигурување кај одредени фирми, сега се прави обид за повторна наплата. Имено, доколку фирмите за своите вработени не го измириле долгот до крајот на 2008 год., истиот може да го платат под два услови: првиот е, доколку заостанатиот долг се плати во рок од една година, тогаш не ќе треба фирмите да плаќаат камата, додека вториот предлог, долгот може да се плати за две години, но со намалена камата.

Според проценките во Фондот на ПИОМ, ова се многу олеснителни отстапки за фирмите, но во исто време постои и стравување дека ефектот од овој нов заfат и продолжен рок за исплата на долгот нема да ги даде максимално очекуваните финансиски ефекти. Како и да е, останува да се причекаат месеците што доаѓаат па да се видат резултатите од овој нов предлог и отстапка... Оттука, прашање е каква е состојбата со наплатата на заостанатите неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување заклучно до крајот на 2008 год. и тековните состојби со наплатата на придонесите за изминатата 2014 година?

Од податоците со кои располагаме, во текот на 2014 год. вкупно придонеси за пензиско и инвалидско осигурување се неисплатени 29.761.080.246 денари, од кои 27.788.740.219 денари се придонеси од интегрираната наплата за плати остварени во минатата година, 1.457.383.323 денари се придонеси по основ на интегрираната наплата за периодот јануари–декември 2013, а исплатени во 2014 година, а 514.956.704 ден. се придонеси до декември 2008 год. за кои Фондот е надлежен да води постапка за наплатата. Како што може да се види, наплатениот износ од 514.956.704 денари по основ на придонеси со декември 2008 год., е за 53.075.897 денари повеќе во однос на истиот период во 2013 година. Зголемената уплата во 2014 во однос на 2013 година се должи, пред сè, на уплатата за ЈП „Македонски шуми" која беше извршена преку Министерството за труд и социјална политика согласно Законот за претворање на побарувањата на ЈП „Македонски шуми" во траен влог, како и на уплатите извршени од страна на АД „Југ Турист" во стечај од Куманово и на АД „Славија" од Скопје, на кои отпаѓаат 390 милиони денари од вкупно реализираната уплата во износ од 514 милиони денари.

Но, ова не е сè, напротив во 2014 година, од Одделението за контрола на податоците од придонес при Фондот на ПИОМ, реализирани се и други активности, и тоа: спроведена е обука на вработените во филијалите за изработка на 12 МПИН–пресметки за договорните осигуреници (индивидуални земјоделци, свештени лица и продолжено осигурување), а врз основа на новото апликативно решение кое Службата за контрола на податоци од придонес во соработка со ИТ–центарот го воспостави за тековната 2014 година. Исто така, изработени и доставени се пресметките за договорните осигуреници за минатата година, потоа на филијалите им е дадена насока за секојдневно расчистување на неидентификуваните уплати, како и насока сите тие уплати кои не можат да се разрешат, истите да се стават во поединечни табели за причината на неразрешувањето. Овие активности се завршени од страна на филијалите.

Значајно е да се истакне уште и ова, по соопштението на Централниот регистар на Република Македонија за бришење на 3532 обврзника, од страна на Службата е утврдено побарување по основ на неплатен придонес за 1324 обврзници, со вкупен долг од 3.568.339.262 денари. По добивањето податоци за имотната состојба од страна на Агенцијата за катастар и недвижности, а врз основа на одлуката на УО на Фондот на ПИОМ, извршено е авансирање на 19 предлози за стечај за кои беше утврдено дека поседуваат имот. Вкупното побарување за овие обврзници изнесува 82.281.946 денари. Кога на ова ќе се додаде дека е спроведена обука на вработените во врска со извршувањето на пописот на фирмите и побарувањата по основ на неплатени придонеси до декември 2008 година, тогаш е сосема јасно дека во Фондот на ПИОМ се вложуваат максимални напори за прибирање на средства за редовна исплата на пензиите во нашата држава.

Во текот на 2014 година, Одделението за контрола на податоци во соработка со Секторот за информатика и Одделението за матична евиденција при Фондот на ПИОМ, изврши подготовка за реализација на новото законско решение кое се однесува на плаќање на придонесите по однос на договорите за дело, авторските и други договори. За таа цел, беа одржани неколку состаноци со Фондот за здравствено осигурување, на кои беше постигната начелна согласност во текот на 2015 година да се создаде единствена база за индивидуалните земјоделци, односно тие да бидат вклучени и во пензиско и во здравствено осигурување, со тоа што приемот во осигурувањето и изработката на заедничка МПИН–пресметка за оваа категорија на осигуреници да ја врши Фондот на здравствено осигурување, сè со цел да се зголеми наплатата на придонесите од оваа категорија на осигуреници.

Од погорното, сосема јасно се гледа дека Фондот на ПИОМ вложува максимални работни напори за доследна редовна наплата на придонесите, но и за плаќање на заостанатиот долг до 2008 година, и покрај тоа што има недостиг на стручен кадар и обемните вонредни активности на овој план. Како и да е, со максималното залагање на вработените, уверени сме дека резултатите на овој план за оваа година нема да изостанат.

**м-р. Снежана Кутузовска**

ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година VIII – број 82–83
јуни 2015 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Мустафа Ќамироски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска - Андонова**
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Димитар Чавдаров

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

70 години од победата над фашизмот

# Придонес на Македонија кон победата

Седумдесетгодишнината од победата над фашизмот во Република Македонија се одбележа достоинствено и свечено. Сојузот на борците на Македонија и Здружението на ветераните и резервистите, на 4–ти и на 5–ти мај, во Домот на АРМ организираа пригодни манифестации поврзани со овој значаен датум, на кои присуствуваа и претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонојиа.



По тој повод беше одржана и научно–стручна конференција, која ја отвори претседателот на ЗВРОБ, **Филип Котели**, а во стручната расправа учествуваа: професорот д–р **Марјан Димитријевски**, генералот во пензија **Борис Стојановски** и генерал–потполковникот **Мирослав Стојановски**, кои поднесоа реферати, истакнувајќи го местото, улогата и придонесот на нашата земја во борбата и победата над фашизмот. Главниот одбор на СБ од НОАВМ и граѓаните поддржувачи на традициите, одржаа свечен собир по повод 35–годишнината од смртта на Јосип Броз Тито, долгогодишен претседател на поранешна СФРЈ при што беше истакнат неговиот придонес за развојот на НОАВМ.

На 4 мај достоинствено беше одбележана и 112 годишнината од смртта на Гоце Делчев чија револуционерна дејност остави траен печат во македонската историја.

**М.Д.**

ЗП Штип

# Сеќавање на револуционерот и поет Ацо Шопов

На 20.04.2015 година во алеата на непобедените, пред спомен релјефот на Ацо Шопов, граѓани, борци, пензионери продолжувачи на Боречката Организација во Штип, го одбележаа денот на смрта на овој револуционер и творец.

Пред споменикот за револуционерот зборуваше секретарот на БО **Петар Мицевски**, кој рече дека со смрта на Ацо Шопов Штип сочуствува и секоја година се навраќа на спомонот на неговото дело.Тој како борец во НОБ и творец на многу дела, со песните „Очи", „Тишината", „Небиднина", поемата „Дрво на ридот" длабоко врежан во свеста на многу генерации, кои растеа со делата на овој поет миротвор, амбасадор меѓу народите. Претседателот на СБМ за Штип **Трендафил Атанасовски** во својата изјава нагласи дека оваа организација работи по програма на значајни датуми и личности од нашето револуционерно минато и секоја година, навраќа и ги чествува великаните и борците како: Михаило Апостолски, Гоце Делчев и други револуционери.

Поетесата Цвета Спасикова со посебен пиетет ја зббогати програмата со лична творба, инспирирана од животното дело на поетот и борец со



вградена душа во родината своја. Почитувачите на револуционерните и слободарски традиции, делегации на ЛС, политички партии, на АРМ и Полицијата, ЗП Штип и установата што го носи неговото име, положија свежо цвеќе. Потоа во спомен собата се промовираше наградениот дело поезија на Радован Павловски, наградa востановена во чест на поетот Ацо Шопов.

**Ц.С.**

Во село Разловци и во Делчево

# 139 годишнина на Разловечкото востание

Со повеќе пригодни манифестации во Делчево и во Разловци на 16 и 17 мај беше одбележана 139 годишнината од Разловечкото востание. Во спомен домот АСНОМ во Делчево и во спомен домот на Разловечкото востание во Разловци беа отворени ликовна изложба и изложба на документи и фотографии за организаторите и водачите на Востанието. Пред спомен плочата на Поп Стојан и на неговиот гроб во црквата „Св.Цар Костадин и царица Елена" делегации на Локалната самоуправа, на установи, невладини организации и здруженија на граѓани, меѓу кои и на Здружението на пензионерите од Делчево, се поклонија и положија букети свежо цвеќе.

Парохискиот свештеник Васко Шонтевски отслужи панихида во слава и чест на разловечките востаници, на која присуствуваа голем број разловчани и нивни гости од сите краеви на Република Македонија.

Во прославата зедоа учество планинарски друштва од Делчево, од Прилеп и од Скопје, кои го изведоа планинарскиот марш „По патеките на разловечките востаници".

Во културно–уметничката програма настапија: КУД „Гоце Делчев" и фолклорните групи при Центарот за култура „Никола Јонков Вапцаров", како и женската фолклорна група „Копачка" од село Драмче.

– Денеска се потсетивме на славното историско минато на македонскиот народ, на светлите ликови на Димитар Поп Георгиев Беровски, Дедо Ило Малешевски, Поп Стојан Разловски и многу знајни и незнајни востаници уште во далечната 1876 година кои се вградија во темелите на македонската борба за слобода и независност. Нивниот пример на саможртва го продолжија илинденците и партизаните, па се до денешните генерации бранители на нашиот суверенитет и независност, – изјави **Љубомир Котевски**, – пензионер и претседател на ПК „Кораб".

**Васил Маневски**

ЗП Богданци

# Прослава за паметење

На 29.04.2015 година ООУ „Петар Мусев" од Богданци го прославви својот „Патрон" со заедничка активност за меѓуетничка интеграција во образованието со своето партнерско училиште „Мехмет Дерала" од Градец општина Врапчиште. Активностите ги следеа гости и претставници од локалната канцеларија за економски развој, Државниот просветен инспекторат, УСАИД...



Пензионерите од Богданци дадоа свој придонес со своето присуство и со активност во програмата. Прославата започна со полагање на свежо цвеќе на бистите на паднатите борци. Потоа пензионери им се обратија на учениците со топли зборови и ги потсетија на тешкото минато раскажувајќи им за годините на ропство во минатото.

Донатор на проектор е УСАИД Македонија. Партнери на овој проект се: Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Државниот испитен центар за стручно образование и обука, Невладини организации...

Цел на проектот е меѓуетничката интеграција во образованието, па и во општеството. Во фокусот на активностите се учениците, родителите, наставниците, членови на училиштниот одбор, Биро за развој на образованието, просветните инспектори...

Во заедничките активности беа реализирани планираните задачи: Час во природа со 60 ученика и 10 наставника од двете училишта, спортски игри со 18 ученика и 2 наставника, мала хемиска лабораторија со 12 ученика и 2 наставника. Заедничкиот настап во културно уметничката програма со 150 ученика беше кулминација на активностите. Впечатоците на присутните се незаборавни. Заедничкото оро беше поздравено со долготрајни аплаузи.

Дружењето на децата од различни националности е пример и за возрасните.

**Д . Чавдаров**

# Откриена спомен плоча на Поникува

На пригодна свеченост во присуство на членови и симпатизери на Боречките организации од Кочани, Виница, Штип, Пробишти и Скопје, на претставници на Општина Кочани и на ЗП Кочани, на Поникава беше откриена спомен плоча на Првата партизанска болница во слободна Македонија во која се лекувале ранетите борци на Демократската армија на Грција, меѓу кои имало и македонци од Егејска Македонија.

– На ова место во далечната 1947 година од месец април до ноември беше Стационирана првата партизанска болница во слободна Македонија во која во овој временски период престојуваа и се лекуваа над 600 ранетите борци од кои повеќето беа излекувани, дел се вратија во Егејска Македонија, а дел останаа во земјата, – истакна на откривањето на спомен плочата **Раде Гогов Црноречки**, жив сведок на настаните од тој временски период.



– Посебно ни е чест да поставиме спомен плоча на настан кој ја одбележал нашата поблиска историја, на местото каде што во старите воени касарни била сместена партизанската болница. Општината Кочани ги следи активностите на боречката и пензионерската организација од Кочани и истите ги поддржува, – истакна **Ратко Димитровски,** градоначалник на општина Кочани.

Спомен плочата се наоѓа на видно место на една од зградите на Поникава и секој намерник и посетител ќе може да се потсети на настаните кога тука, далеку од очите на јавноста била создадена првата партизанска болница во слободна Македонија.

**К. Герасимов**

Промоција на книга за Ристо Крле

# Првенец во нашата драматургија

Во центарот за култура „Браќа Миладиновци" – Струга, се одбележаа 115 години од раѓањето на Ристо Крле, со промоција на книгата „105 години организиран театарски живот во Струга" од струшкиот режисер Христо Миладинов. Книгата ја промовираше режисерот **Сашо Миленкоски**, а за животот и делото на Ристо Крле зборуваше **Кристина Тодороска - Петреска**.

По многу свои обележја, творештвото на Ристо Крле ќе треба да се сфати како исклучителна појава во нашата литература. Пред сè, станува збор за тоа дека е во прашање писател самоук, кондурација кој со своите прсти успешно ракувал како со чеканот, така и со перото. Навистина, во нашата литература појавата на писатели самоуци не е ретка. Само благодарение на својот огромен труд некои од нив успеаја да се извишат над сивилото на секојдневноста, достигнувајќи завидно творечко ниво.

Ристо Крле спаѓа токму во оваа категорија. Како писател самоук и тој ги изодува макотрпните врвици на творец кој долги години со чеканот в раце се борел за поминок, но кој истовремено, наведнат над наковалната во својот дуќан, успеал да искове и такви дела кои и денеска нè фасцинираат со својот непосреден животен изблик. Во својата „Автобиографија" Ристо Крле сосема искрено раскажува како дошол на идеја тој иако „физички работник да продава памет". Него го потресол еден трагичен случај – убиството на единствениот син кој по долги години се вратил од печалба дома. Не препознавајќи го, неговите родители подмамени од можноста за лесно збогатување ќе го убијат, а потоа кога ќе дознаат што сториле, мајката ќе ја удри капка, а таткото ќе се самоубие.



Свеченоста беше збогатена со настапот на хорот Калистрат Зографски, како и изведбата на драмата „Парите се отепувачка" од Ристо Крле во изведба на драмското студио „Миладин".

**Стојан Кукунешоски**

ЗП Струга

# Одбележан 9-ти мај

Делегација на Сојузот на борците од општина Струга и поддржувачи на традициите од НОВМ, предводена од претседателот на ОО на СБМ за Струга Ајро Мемети, по повод 9 мај, Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот, положија цвеќе пред споменикот на НОБ на плоштадот во Струга. Во делегацијата беа претставници на општинските организации на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, почитувачите на Тито и пензионери.



На крајот од свеченоста пред присутните се обрати Ајро Мемети претседател на Сојузот на борци на општина Струга, за историското знзчење на антифашистичката војна и 9 мај – на тема „Македонија во борбата против фашизмот".

**С.К.**

ЗП Богданци

# Коле и пчелите

На третиот километар од патот Богданци – Гевгелија се наоѓа мала викендица пред која се поставени пчелните кошници на пензионерот Коле. Љубовта кон највредните корисни инсекти секојдневно расте. Пред 20 години Коле влегува во семејството на пчеларите. Желбата да другарува со пчелите, пензионерот ја негувал со макотрпна работа.

Првото пчелно семејство му го подарила природата. Случајноста во минатото, денес е вистина. Коле секоја година ги зголемува пчелните семејства. Во неговата надградба користел литература од многу извори. Вели дека во домот има библиотека од разновидни прирачници, списанија и искуства од познати пчелари во регионот. Негувајќи ја љубовта кон пчелите Коле во непосредна близина посадил повеќе од еден хектар овошни дрвја кои цветаат во различни временски периоди. Поленот наскоро ќе го собираат пчелите, а топлиот ветар ќе разнесе препознатлива песна.

Искуството од 20–тина години пчеларење Коле несебично го пренесува на добронамерниците кои сакаат да станат членови на пчеларската фамилија. Интересни се кажувањата на овој пчелар за успешноста во работата со пчелите. Желбата, науката, љубовта и пред се работата се услови за успех. Помошта што Коле ја дава на луѓето кои имаат потреба за здравјето е секојдневна. Пчелната аптека кај овој пчелар е богата со лекови.

Ако ги снема пчелите ќе го снема и најголемиот наш дар – вели мудроста.

**Д.Ч.**

# Успешна соработка помеѓу синдикатите на Македонија и Албанија



Во рамките на посетата која се реализира во Сојузот на здружението на пензионери на Македонија, претседателот Драги Аргировски и Кол Николај претседател на Сојузот на синдикати на Албанија (KSSH) беше остварена и работна средба со претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски.

На оваа средба претседателите разговараа за повеќе значајни теми во однос на законите кои се однесуваат на работниците и пензионерите. Разговорите беа во насока на изнаоѓање на начини на подобрување на положбата на работниците и пензионерите.

На крајот на средбата беа договорени идни соработки за организирање на средби за размена на искуства помеѓу синдикатите како и промовирање на најдобри практики кои би придонеле за јакнење на позицијата на синдикатите и поголема заштита во остварување на правата на работниците и пензионерите.

Истовремено, синдикатите и здруженијата на пензионерите на Македонија и Албанија укажаа на значењето на почитување на демократијата, соживотот, мултиетничката, социјалната и верската припадност, како основа за општествен напредок и услов на двете држави за прием во Европа и вклучување во останатите Евроатлански интеграции.

ЗП Неготино

# Успешното раководење - виза за уште еден мандат



Пензионерите при Здружението на пензиопнери од Неготино на Петар Захарчев на изборите одржани во 2015 година му изгласаа повторно доверба за уште еден мандат. По тој повод разговараме со него со цел да се запознати плановите на старо-новото раководство во наредните четири години.

**Почитуван претседателе, кажете ни накусо неколку збора за ЗП Неготино, на чие чело сте како прв меѓу еднаквите.**

– ЗП Неготино е формирано на 06.08.1954 година. Тогаш бројот на пензионери бил доста мал, но со тек на времето постојано се зголемувал. Во здружението членувале пензионери од Неготино и Демир Капија. Во 2010 година пензионерите од Демир Капија доброволно се издвоија од ЗП Неготино и си формираа свое здружение. Во моментов ЗП Неготино брои околу 3000 членови.

**Кажете ни на што најмногу обрнувате внимание, кои се Вашите активности?**

– Здружението има повеќе активности и сите се насочени кон подобрување на стандардот и животот на пензионерите. Прво да ги посочам хуманитарните активности. Како што знаете 2014 беше прогласена за година на солидарноста, па затоа наши членови одеа во посета на стари и изнемоштени пензионери и им носеа скромни подароци. На тие лица повеќе им значеше тоа што сѐ уште не се заборавени од своите колеги. Оваа активност ќе продолжи и во 2015 година. Извршниот одбор донесе одлука за давање еднократна помош на пензионери со ниски пензии на кои им требаат средства за операција, за болничко лекување и други здравствени проблеми. Пред некое време доделивме помош на пензионер на кого му изгоре домот во кој живее. Имаме донесено одлука и за партиципација на пензионери со ниски пензии кои одат на бањско лекување. Ним им се одобрува 40% од чинењето на бањското лекување плус трошоци за превоз. Членовите на нашето здружение прават посети и на домот за стари лица „Жана" во Неготино, на станарите им носат подароци, а пејачката група „Распеани пензионери" им се пртставуваат со нов репертоар.

Исто така, на лицата зафатени од поплавите во нашата Република, им беше доделена парична помош, а на пензионерите кои се вакцинираат против грип им признаваме 25% од цената на вакцината.

Покрај ова, доста сме активни и на спортски план. Имаме формирано комисија за спорт и рекреација која води грижа за помасовно активирање на пензионерите во спортот. Тука се „Распеаните пензионери" кои лани славеа 10 години од нивното формирање. Тие редовно одржуваат проби и учествуваат на разни културни манифестации во земјата. Исто така, да напоменам и за активноста и дружењето на членките на здружението на пензионерки „Неготинијана" кои редовно се дружат во клубот.

**Дали имате соработка со локалната самоуправа и други здруженија на пензионери?**

– Со локалната власт имаме добра соработка. Кога имаме некоја манифестација градоначалникот на Неготино редовно не посетува, а кога општината организира свои манифестации, секогаш сме поканети. Исто така, имаме добра соработка и со други здруженија, кои се членки на СЗПМ. При тоа, посебно сакам да ја истакнам соработката со здруженијата на пензионери од Велес, Радовиш, Гевгелија и Карпош од Скопје. Со нив сме секогаш во контакт и редовно разменуваме искуства, но и се дружиме на разни манифестациии и пикници.

**Претседателе, Вие сте повторно избран за уште еден мандат, на што се должи тоа и какви Ви се плановите за следните години?**

– Познато е во спортот дека тимот кој победува не треба да се менува. Ова важи и за пензионерите. Јас со своите соработници во изминатиот период несебично работевме за доброто на пензионерите. Одржавме многу состаноци, како во Извршниот одбор за прашања од витално значење за пензионерите, така и со претседателите на ограноците на кои беа запознавани со финансиското работење на здружението, со остварените и со идните планови на здружението. Во изминатите 4 години редовно, 4–5 пати годишно, вршевме бесплатно мерење притисок и шеќер во крвта на пензионерите од Неготино, но и во руралните средини. За секоја екскурзија во Републиката учествуваме во трошоците за превоз со 30%. Бевме во посета на многу културно–историски места и настани, во многу манастири, цркви, на манифестациите „Блакцето на баба" во Велес, „Зелникот на баба" во Пробиштип, „Сомунијада" во Радовиш, „Томина Недела" во Виница и многу други. Исто така, да напоменеме дека и со претседателот на СЗПМ Драги Аргировски имаме одлична соработка, ни помага со своите совети и сугестии за поуспешно спроведување на секојдневните проблеми и активности и не радува што тој ќе не води во наредните четири години. Што се однесува до идните планови сакам да напоменам дека приоритет за овој мандат ќе ни биде изградбата на новиот пензионерски дом и се надеваме на голема поддршка од градоначалникот на општина Неготино Ванчо Апостолов и Советот на општината. Воедно во овој мандат ќе продолжиме со истите активности: организирање екскурзии, поддршка на спортските екипи на пензионерите, пејачката група „Распеани пензионери", клубот на пензионерки „Неготинијана", доделување парична помош на болни, социјално загрозени, организирање медицински трибини, а се со цел луѓето од трето доба да се чувствуваат исполнети и среќни. Заради нашите залагања и активности бевме и сме почитувани од членството.

**Илија Емшов**

ЗП Кисела Вода

# Спортот е битен за здравјето

Во месец мај се случуваше големо раздвижување меѓу пензионерите во нашата држава на културен и на спортски план. Со полна сила тие се подготвуваат за активностите што ги организира СЗПМ, особено за спортските натпревари, кои оваа година одбележуваат 20 години од постоењето. Се натпреваруваат пензионерите меѓу себе, меѓу ограноците и здруженијата, а се со цел да се изберат најдобрите за Спортската пензионерска олимпијада која ќе се одржи во септември во Скопје. Такви натпревари имаше и помеѓу 12–те ограноци во ЗП Кисела Вода, едно од поактивните здруженија во градот. Во овие натпреварувања беа вклучени над 240 пензионери–спортисти. Од расположливите податоци, екипно се најдобри пензионерите од огранокот Пинтија, во шах екипно најдобар е огранокот Бирарија, а во пикадо пензионерите од огранокот Црниче. Во тегнење јаже – екипно најдобри беа пензионерите спортисти од огранокот Студеничани, а во скок од место огранокот од Населба Драчево. Во домино најдобри поединечно беа пензионерите од огранокот 11 Октомври – Бараки. Што се однесува до играње табла, трчање мажи до 60 и над 60 години како и во фрлање ѓуле, прво место освои огранокот од населба Драчево. Интересен е податокот што во сите натпревари не заостнуваат жените со своите спортски активности. Така во пикадо–екипно и поединечно најдобри беа пензионерките од огранокот 11 Октомври – Згради, а во домино, фрлање ѓуле и двобој поединечно, најдобри беа пензионерки од населба Драчево.

Натпревари помеѓу 6 ограноци се одржаа и во ЗП „Солидарност – Аеродром". На свеченоста говореше претседателот на ИО на ЗП Димитрија Богатиноски, а натпреварите за отворени ги прогласи претседателот на СЗПМ Драги Аргировски.

Заедничи именител на овие натпревари е дека учество земаа и мажи и жени во повеќе дисциплини. Тие сериозно се подготвуваат да освојат што повисоки резултати, но и зарди исполнување на флоскулата „во здраво тело – здрав дух", свесни дека спортот е битен за здраво и активно стареење.

**С.Т.**

ЗП Свети Николе

# Едукативна работилница на ФЗОМ

Силниот ветер и студеното време на 09.04.2015 не ги спречи светиниколските пензионери да го наполнат Клубот на пензионери и да присуствуваат на едукативно-информативна работилница за користење на ортопедски помагала и снабдување со лекови.

Здружението на пензионери на општина Свети Николе и Фондот за здравствено осигурување на Македонија ја организираа оваа едукација. Присутните пензионери внимателно ја слушаа презентацијата на **д-р Ана Филиповска** и фармацевтот **Марија Конева**. Потоа поставуваа многубројни прашања во врска со нивните проблеми, а одговорите беа исцрпни, дадени со внимание и трпение, а најголем интерес беше за цената на лековите. Сите присутни беа задоволни и благодарни на топлиот, трпелив и пријателски пристап на гостите - предавачи. Пензионерите од ЗП Свети Николе посакуваат наскоро повторно да има ваква средба и предавање со екипа на Фондот, а се благодарни на СЗПМ што им овозможува вакви работилници. Настојувањата на СЗПМ, Здружението и Фондот, ќе доведат до подобрување на здравствената состојба на болните стари лица во општината, и заради чувството дека некој се грижи за нив и им помага.

**В. Петрушева**

ЗП Богданци

# Пензионерска хуманост

Активот на пензионерки од ЗП Богданци е носител на бројни активности посветени на хуманитарноста во општината. На своите дружења тие осмислуваат како да ги насочат своите активности за да им помогнат на пензионерите од најранливите категории. Така беше и на 11–ти април годинава. На свеченоста организирана во клубот на пензионери беше убаво да се присуствува. Масите беа полни со домашни специјалитети изработени од вештите раце на учесничките. Интересот на присутните да купат од изложените колачи беше голем. За кратко време изложеното беше купено. Средствата беа скромни, но имаа посебна вредност, бидејќи ќе бидат подарени на деца со посебни потреби. Бидејќи ваквата активност е прва на Активот едногласно е договорено во иднина да продолжат со поголема масовност.

**Д.Ч.**

ЗП Гази Баба

# Ограноците - носители на активностите во здружението



Со добрата организациона поставеност на ограноците во ЗП Гази Баба и новите програмски задачи, кои успешно се прифатени, почнаа да се реализираат многу активности. Ограноците кои се основна и главна клетка во ова Здружение, се носители на предлози за решавање на голем број проблеми кои се јавуваат, но и креатори во ангажирање на што поголем број пензионери во најразличните секции и активности во Здружението, спроведувајќи ги одлуките на Извршниот одбор и Собранието. Стекнатото искуство од повеќегодишното такво работење на ограноците, кое го применувало раководството, довело до вистинскиот пат по кој се доаѓа до позитивен резултат. Здружението преку ограноците се труди, секоја наредна година, да се постигне повисоко ниво на соработка и збогатување на квалитетот во работата.

– Ние во нашето здружение вложуваме голем труд, затоа постигнуваме и успеси. Одлуките што ги донесуваме во Здружението, се доставуваат до сите ограноци, а тие го запознаваат своето членство. Сите активности се одвиваат во 11–те ограноци, како и во клубовите, кои ги имаме исто толку. Има потреба да отвориме уште пензионерски клубови во некои ограноци, не само во градската средина, туку и во руралните средини, за што правиме напори во рамките на можностите. Исто така, размислуваме и предлагаме нови форми и содржини преку кои ќе се прошири работата на здружението и на ограноците, – вели претседателот на ИО, **Ѓорѓе Андонов**.

Една од задачите и целите на Здружението е секако, поддршката и грижата за своите членови со понизок стандард, доделување на еднократна парична и здравствена помош со што тие чувствуваат дека не се заборавени.

– И оваа година, здружението ќе ја продолжи својата хуманитарна мисија за посреќен и поставилен живот на своите членови. Комисијата за здравство ќе додели средства за хумантарна помош и помош на пензионери со ниски примања, согласно правилникот во здружението. Од друга страна, културно забавниот живот во здружението е потреба и интерес на пензионерите, а носител на тоа е КУД „Пензионер" во кој учествуват поголем број членови. Здружението ќе земе учество на повеќе манифестации на разни нивои во градот и во државата. Комисијата за спорт и рекреација навреме ги започнаа подготовките за овогодишните спортски натпревари – ни рече претседателот на собранието, **Ана Ѓорѓиева.**

Ваквите активности на здружението ќе продолжат и во иднина, благодарение на ангажираноста на раководството, членството, на добрата соработка со СЗПМ и локалната самоуправа.

**Васил Пачемски**

### Виница: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Чувари на нашето опстојување


Драган Петков


Емил Дончев


Станка Трајкова

Здруженијата на пензионери од првиот регион, на кој припаѓаат ЗП Виница, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево, на 3–ти јуни 2015 година, имаа чест во Виница да го затворат циклусот на одржувањето на регионалните ревии на песни музика и игри за оваа година. Најмасовната фолклорна манифестација на пензионерите од ова подрчје започна со дефиле од Домот на пензионерите, во кое, минувајќи низ градот, учесниците им се претставија на граѓаните со желба и симболичен повик да ја следат манифестацијата, која се одржа во спортската сала во гимназијата „Ванчо Прке“ во Виница.

Ревијата започна со поздравен говор на претседателот на Извршниот одбор на Здружението на пензионери Виница, **Драган Петков**, кој го искажа задоволството и изрази благодарност до СЗПМ што им е укажана довербата нивното здружение да биде домаќин на оваа значајна фолклорна приредба на пензионерите. Притоа тој кратко го претстави здружението истакнувајќи ја заложбата на раководството за создавање подобри услови за дејствување и спроведување на програмските активности.

На учесниците и гостите им се обрати и градоначалникот **Емил Дончев** кој истакна дека ваквите манифестации придонесуваат во осознавањето и чувањето на културното богатство. Фолклорните ревии се добродојдени и за меѓусебно запознавање и ширење на пријателствата, за размена на искуствата и проширување на соработката со локалната самоуправа. Во тој контекст најави дека ќе се заложи да продолжи и да се прошири соработката со матичното здружение.

Во име на СЗПМ учесниците и гостите ги поздрави секретарот на ИО, **Станка Трајкова**, која рече дека одржувањето на 13–та ревија на песни музика и игри, како значаен културен настан, коинцидира со името на градот, кој по бројот на жителите е навистина мал, но е голем извор на културното наследство, кое со обновувањето и негувањето на фолклорот и на обичаите, пензионерите го надградуваат и прошируваат. За таквото културно богатство делумно може да се сознае при посетата на Градскиот музеј, како и на други културно–историски знаменитости, но животописот е во луѓето од овој крај, кои со својата срдечност и гостопримство секого привлекуваат и ширум ги отвораат вратите на историјата и на сегашноста, како израз на сопственото постоење. Прогласувајќи ја Ревијата за отворена, Трајкова рече дека и оваа манифестација нека биде уште еден придонес кон непресушноста и збогатувањето на традициите не само во овој регион, туку и пошироко во Република Македонија.

Програмата со која што се претставија здруженијата на пензионери изобилуваше со богат колорит на обичаи, на стари македонски изворни песни и ора вкоренети во традициите на културното наследство, како чувари на нашето постоење и опстојување. Воодушевена од програмата и настапите, публиката цело време ракоплескаше и ги бодреше учесниците. На крајот, во името на организаторот СЗПМ, на претставниците на ЗП признанија им врачи **Ѓорѓи Серафимов**, член на ИО на СЗПМ. Средбата ќе остане запаметена и по заедничкото дружење со преубава музика, со песни и ора, на кои никој не можеше да им одолее и да остане рамнодушен.

**М.Д.**


Делчево


ЗП Кочани


ЗП Пехчево


ЗП Берово


ЗП Македонска Каменица


ЗП Виница


Доделување признанија

### Скопје - Драмски театар: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Придонес кон јакнењето на идентитетот


Јован Гиновски


Бесник Поцеста

На 28–ми мај 2015 година во Драмскиот театар во општина Карпош – Скопје, во организација на СЗПМ се одржа 13–тата ревија на песни, музика и игри на здруженијата на пензионери од вториот регион. Довербата за домаќин на оваа фолклорна манифестација на пензионерите првпат му е дадена на **Здружението на пензионери Карпош**, кое се покажа како добар соорганизатор и обезбеди солидни услови за успешно изведување на програмата. Покрај здружението домаќин, на Ревијата настапија учесниците од ЗП Тафталиџе, Бутел, Тетово, Ѓорче Петров и Шуто Оризари, кои се претставија со разновидна програма проткаена со фолклорни обележја и карактеристични традиционални елементи, со поединечни и групни изведби на изворни народни песни и ора со мултиетнички призвук.

Добредојде на гостите и на учесниците им посака претседателот на Собранието на ЗП Карпош **Јован Гиновски,** кој најпрво го поздрави присуството на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски со своите непосредни соработници, потпретседателот на Собранието Бесник Поцеста и секретарот на ИО Станка Трајкова, како и претседателите на некои здруженија со кои ЗП Карпош има добра соработка.

Ревијата ја отвори потпретседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**,кој зборуваше на македонски и на албански јазик, и не го криеше задоволството што има чест во име на Сојузот да им посака успех на учесниците, притоа нагласувајќи го придонесот на оваа манифестација кон јакнењето на заедништвото во мултиетничкото општество, како израз на богатството на традициите и негувањето на идентитетот на етникумите низ културното живеење и зближување. Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, како најмасовна, непартиска, невладина и мултиетничка организација, нагласено ја шири оваа мисија и дава пример на сите субјекти во Државата. Тоа е наше мото во организирањето и дејствувањето и затоа постигнувањата во сите области на културното живеење и дејствување на Сојузот се толку големи, – нагласи потпретседателот на Собранието Поцеста и ја отвори Ревијата.

На бината се заредија преставниците на здруженијата учесници на Ревијата во колоритни носии покажувајќи го разноличјето во изразот на културното богатство и негувањето на традициите како потврда на идентитет во мултикултурното општество и потреба за взаемно почитување и зацврстување на заедништвото. Потоа, гласно заечи музиката, се огласија зурлите и тапаните и одекна песната на повеќе јазици: на македонски, албански, ромски... Се слушна и понекоја подзаборавена изворна народна изведба, која, ако се не обнови, ќе недостасува во мозаикот на културното миље, што го изразува богатството на нашите традиции, кои пензионерите навистина знаат да ги искажуваат, да ги негуваат и да ги пренесуваат на идните генерации. Сите здруженија се претставија во најубаво светло со желба да бидат избрани за учество и на Петтата републичка ревија на песни музика и игри, која ќе се одржи на 9–ти јуни во салата на МОБ во Скопје.

Ревијата заврши со доделување признанија кои, во името на организаторот СЗПМ, на учесниците им ги врачи **Вангелица Марковска**, член на Комисијата за културно–забавен живот при Сојузот. Низ Ревијата успешно водеше познатата поетеса од ЗП Карпош, **Лидија Лучко Јеремиќ**. На крајот, за учесниците и гостите беше организирана средба и дружење во ресторанот „Имес” во населбата Карпош – 2 во Скопје.

**М. Димовски**



ЗП Тафталиџе



ЗП Тетово - Македонци



ЗП Тетово - Албанци



ЗП Бутел


ЗП Карпош


ЗП Ѓорче Петров


ЗП Шито Оризари


Доделување признанија

### Скопје - Дом на АРМ: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Меѓусебно зближување и чување на традициите


Ѓорѓи Зарински


Борко Симоски


Бесник Поцеста

На 26–ти мај 2015 година во Домот на АРМ во Скопје, во организација на СЗПМ се одржа 13–тата ревија на песни, музика и игри на здруженијата на пензионери од третиот регион. Имајќи ги предвид досегашните резултати во учеството и организацијата на вакви и слични активности на пензионерите во рамките на сопственото здружение и на Сојузот, Раководството на СЗПМ по вторпат на Здружението на воените пензионери му ја доверува улогата домаќин на оваа мошне значајна културна манифестација на пензионерите, на која, покрај **ЗВП** во програмата учествуваа и претставници од ЗП Кисела Вода, Сарај и Гази Баба. Малиот број учесници во ревијата се збогати со настапот на учениците од Основното училиште „Димитар Миладинов” од Скопје, кои со својата програма на почетокот на ревијата ја најавија симболиката за спојот помеѓу младата и старата генерација, за грижата и меѓусебното помагање на внуците, на бабите и на дедовците, кои им го пренесуваат искуството и мудроста на своите поколенија.

Добредојде на гостите, на учесниците и на присутните им посака претседателот на ЗВП, **Ѓорѓи Зарински**, кој со задоволство го поздрави присуството на претседателот на СЗПМ Драги Аргировски со своите непосредни соработници, како и пртетставникот на Министерството за Одбрана и Генералштабот на АРМ, и други гости.

Во име на СЗПМ присутните ги поздрави на македонски и албански јазик потпретседателот на Собранието, **Бесник Поцеста**, при што го истакна значењето на оваа традиционална фолклорна манифестација на пензионерите и нагласи дека на сите нам истата ни овозможува забава и пријатно дружење, без оглед на националната припадност и вероисповед. „Овде сме дојдени да поминеме уште еден среќен ден, да слушаме песни и музика, да се радуваме на фолклорните изведби од сите претставници на здруженијата, со што се запознаваме со посебностите на културното богатство,се зближуваме и го зацврстуваме мултиетничкото живеење во оваа наша заедничка татковина, Република Македонија”, – истакна Бесник Поцеста и ја прогласи Ревијата за отворена.

Во име на Генералштабот присутните ги поздрави и им посака успех на учесниците полковникот **Борко Симоски**.

Здруженијата на пензионерите со своите изведби на старградски и изворни песни и обичаи оставија убав впечаток.

Настанот беше збогатен со изложба на ликовни аматерски творби на пензионери од Здружението „Кисела Вода“ и Здружението домаќин, како и ракотворби на припаднички на Активот на пензионерки од ЗП „Гази Баба“, чии творби беа изложени во фоаето во Домот на АРМ.

На крајот, во името на организаторот СЗПМ, признанија на учесниците им врачи претседателот на Комисијата за културно–забавен живот **Мендо Димовски,** а Ревијата успешно ја водеше **Марија Бразда** – новинар од Наша ТВ. Оваа културна манифестација заврши со дружење во ресторанот „Ханибал” во населбата Ченто во Скопје.

**М. Гирасова**


ЗП Сарај


Здружение на воени пензионери


ЗП Кисела Вода




ЗП Гази Баба


ОУ Димитар Миладинов


Доделување признанија

### Куманово: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Продолжува традицијата за негување на македонското етно богатство


Спирко Николовски


Станка Трајкова

Вратите на Националната Установа – Центарот за култура „Трајко Прокопиев“ во Куманово на 1–ви јуни 2015 година беа ширум отворени за пензионерите и граѓаните кои дојдоа да ја проследат Тринаесеттата регионална ревија на песни, музика и игри, која се одржа во организација на СЗПМ, а домаќин беше здружението на пензионери од градот. Оваа културна манифестација претставуваше можност да се прикаже и поттикне продолжувањето на традициите од богатата фолкорна ризница на Македонија во рамките на четвртиот регион, во кој припаѓаат здруженијата од градовите Кратово, Крива Паланка, Центар од Скопје, Чаир и Солидарност – Аеродром од Скопје и домаќинот Здружението на пензионери Куманово.

Манифестацијата започна со дефиле на сите учесници низ улици на градот. Учесниците на ревијата, со песна и оро облечени во разнобојни носии карактеристични за местото од каде доаѓаат беа поздравувани од кумановските граѓани. Во холот на Центарот за култура гостите беа пречекани и послужени со леб и сол по стар македонски обичај. Пред почетокот на приредбата беше отворена „Етно изложба„ на ракотворби на облека, кои ги носеле нашите баби и дедовци, изработени од вредните раце на пензионерките **Јанинка Костадиновска** и **Стојна Вељковиќ**.

На сцената најпрво настапија членовите на детско–младинскиот фолклорен ансамбл „Срма“ со сплет ора, претставувајќи ја врската и меѓусбното дружење на младата и старата генерација, а официјалниот дел на манифестацијата започна со пригоден говор на претседателот на ЗП Куманово **Спирко Николовски**, кој ги поздрави учесниците и гостите и им посака добредојде во градот во кој културата има длабоки корени.

Пред да ја прогласи ревијата за отворена, секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова**, изрази задоволство што оваа манифестација се одржува во градот херој и градот на песната и шегата, во Центарот на култура „Трајко Прокопиев“, чие име е поврзано со втемелувањето на музичката култура во Македонија. Таа упати пофални зборови за здружението домаќин, за кое истакна дека се разликува по разновидноста на активностите што ги остварува во повеќето области и оди чекор понапред од другите во делот на културните дејсности, бидејќи покрај другото негува и театарска активност и со својата драмска работилница при КУД „Ѓоко Симоновски„ успешно се афирмира во Македонија и пошироко.

Потоа се заредија настапите на учесниците со пејачки и играорни групи, со вокално–инструментални состави, придружувани на традиционални изворни инструменти. Исполнетите народни и старогградски песни и ора, оставија импресивни и незаборавни впечатоци кај публиката која цело време ги наградуваше со бурни аплаузи.

На крајот, признанија на учесниците во име на СЗПМ им ги врачи **Мендо Димовски**, претседател на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ. И водителката на програмата **Мирјана Насковска**, која со убави зборови го најавуваше секој настап поединечно, насмеана и ненаметлива, придонесе сеќавањата од оваа манифестација да останат долго во колективната меморија.

**С.Л.**


ЗП Чаир


ЗП Крива Паланка


ЗП Солидарност - Аеродром


ЗП Центар


ЗП Кратово


ЗП Куманово


Доделување признанија

ЗП Пехчево

## Промоција на „Бунтовна младост“

Во Пехчево, по повод одбележувањето на Денот на победата над фашизмот, се одржа промоција на книгата „Бунтовна младост“ – монографија посветена на првоборците и народни херои Сандо Масев, Герас Цунев и Ванчо Китанов. Автор на книгата е пензионерот Иван Станоев, долгогодишен дописник на весникот „Нова Македонија“ од Струмица.



За монографскиот труд пред почитувачите на НОБ и Револуцијата и љубители на роднокрајната историја говореа пензионираните универзитетски професори **Јелица и Атанас Николовски.**

На овој културен настан, со одбрани зборови присутните ги поздрави и на авторот му се заблагодари градоначалникот на Пехчево **Игор Поповски**.

Тој нагласи дека е восхитен од ентусијазмот на творците од „третото доба“ на кое му припаѓа и новинарот Иван Станоев, роден пехчевчанец, кој својот работен век го поминал во Струмица.

– Светлите примери на борците за слобода, каков што беше Ванчо Китанов, чие име го носи Основното училиште во Пехчево, треба да ги запознаат и следат сите генерации, а посебно младите. Особена чест и задоволство ми причинува што токму во ова училиште и на овој значаен ден, не само за Македонија, туку и за Европа и светот, се случува промоцијата на монографијата „Бунтовна младост“, – изјави авторот **Иван Станоев**.

Промоцијата заврши со доделување на книги со лична посвета за сите присутни на овој културен настан и со подарок на примероци од книгата за Градската библиотека и за библиотеката на ОУ „Ванчо Китанов“ во Пехчево.

**Васил Маневски**

ЗП Куманово

## Настап на ТВ Алфа

Поканата од водителката на скопската телевизија „Алфа“ Драмската работилница при КУД „Гоко Симоновски“ од ЗП Куманово да учествува во утринската програма, со задоволство беше прифатена. Сфаќајќи ја оваа покана како можност за презентирање на работата на кумановските пензионери пред поширока македонска јавност, за настап беше одбран еден колажен инсерт од кабаретската претстава „У кафанче карши Станче“. Во студиото на ТВ Алфа програмата одеше во живо, при што најпрво водителката го најави претседателот **Спирко Николовски** кој даде осврт за работата на Здружението, а потоа настапија глумците – аматери со инсерт од кабаретската претстава. Новко Петрушевски во улогата на Ване, Нада Булатовиќ како Тана, Слободанка Димковска – газдарица на кафанчето, Славица Ламбаша во улогата на Велика, Љубица Кузмановска како келнерка Данче и музикантите Драган Петровски и Стефан Китановски. За беспрекорно одиграните улоги, ведри, насмеани и задоволни сите толкуваа за настапот примија честитки од екипата на телевизијата.



– Ова е наше второ гостување на ТВ Алфа, а се надеваме дека и во иднина ќе продолжи соработката на заедничко задоволство, – изјави претседател Николовски.

Престојот во Скопје екипата на кумановските пензионери го искористи за средба со раководството на СЗПМ при што се разговараше за теми од интерес на пензионерите и за реализација на заеднички настапи на претстојните културни манифестации. Збор по збор течеше разговорот во весела атмосвера, спонтано се запеа убавите македонски песни, звуците на инструментите и нашите гласови одекнаа во просториите. А каква друга искрена честитка би му упатиле и посакале успешна работа на тимот кој ќе води на чело со претседателот Драги Аргировски, освен, од сè срце испеаните песни.

**Славица Ламбаша**

ЗП Пробиштип

## Книгата поблиску до пензионерите

Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на книгата и авторското право – 23–ти април, Градската библиотека „Јане Сандански“ од Пробиштип, на ЗП Пробиштип му подари скромен книжен фонд од 40 наслови од домашни македонски автори, меѓу кои има и пензионери. Со овој гест



се потврдува и наговестува натамошната соработка со Здружението која неколку години се манифестира низ разни форми, а најчесто преку заедничките концерти на песни и игри, покажувајќи го на дело меѓугенерациското дружење.

Според зборовите на директорката на Домот на културата **Тања Стојковска,** целта на донацијата е доближување на книгата и до оваа повозрасна популација, која најчесто се среќава во Клубот на пензионерите. Овде ќе можат да позајмат книга, да прочитаат и да најдат убав начин слободното време да го поминат во дружење и со литературата. Таа понатаму истакна дека ова не е и нема да биде последна донација.

Претседателот на Здружението на пензионерите **Груица Манасиев** ни посочи дека во Пензионерскиот дом има простории кои можат наменски да се искористат за доближување на книгата до заинтересираните членови.

– Во Клубот на пензионерите доаѓаат членови да играат карти, шах, табла, домино или билијард, но има такви кои не се вклучени во овие активности. За таа цел веќе размислуваме да одредиме една просторија во Домот на пензионерите и да ја преуредиме во читална. Се надевам дека во најскоро време тоа ќе го направиме. Ќе поставиме неколку рафтови за книги, неколку маси и столчиња и ќе создадеме убаво катче за оние кои сакаат да го прелистаат дневниот печат или да прочитаат некоја книга, – вели Груица. Се надеваме дека овие ветувања ќе се преточат во практика и пензионерите од Пробиштип набрзо ќе добијат мини–библиотека и ќе ги задоволат своите апетити за читање.

**М. Здравковска**

ЗП Битола

## Промоција на книга со патриотска содржина

На 9–ти мај по повод Денот на победата, во просториите на градската библиотека НУУБ „Св. Климент Охридски“ во Битола се промовираше книгата „За зборот наш и сонцето“ од нашиот познат писател и доајен во македонската литература, Радован П. Цветковски, активен член во Здружението на пензионери Битола. Со цел подобро да се разбере содржината еве дел од рецензијата за истоимената збирка, од писателот Добре Тодоровски.



– Во поетската збирка „За зборот наш и сонцето“, во издание на општинскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната и антифашистичка борба во Македонија, поместен е дел од поезијата, би рекол со патриотска содржина, каде што низ песната поетот ја отсликува болката на секој Македонец по загубата на великите синови, кои животот го даде за слободата на својата земја. Станува збор за одбир на песни со кои поетот задлабил во историјата, традицијата и континуитетот на вечната мисла за слободата на татковината, непокорен глас на грижник и родољуб. Сметам дека поетот и писателот треба секогаш да биде исправен пред долгот на татковината... а писателот Радован П. Цветковски е таков. За неговите збирки поезија пишувале многумина, но никогаш, кога се работи за ваков вид поезија, критиката не била доволна, односно секогаш останувале недоречености.

Поезијата на Радован П. Цветковски и во оваа збирка, ја отсликува вековната борба на човекот– домољуб од периодот на Илинденското востание, следејќи ги сите немили настани кои се случувале на територијата на Македонија до завршувањето на Втората светска војна. Пред нас имаме збирка поезија со цврста внатрешна хомогеност. Напоменувам, иако збирката е поделена во два циклуси („Илинденски огласи“ и „За зборот наш и сонцето“), создадени врз строго одреден и длабоко осмислен концепт, сепак насловот е внимателно одбран претставува врзовно ткиво за целосно презентираната поезија на авторот, како единствена асоцијација на вековната борба на нашиот народ.

Како пример песната „Тие што војуваат“.

### Тие што војуваат

Тие што војуваат
за својата земја
имаат гробови
по сите планини,
по сите ридови-
нишани закопани
јаглени стари.

Тие што војуваат,
не со земјата под кирија,
имаат –
и држава
и историја своја,
народ и нација
без да отстапат ни педа

Во секоја песна препознатлив е мотивот, ликот, делото и поракатa на Цветковски како значајна мерка за вредноста на човековиот опстој на овие простори. Песните се градени врз документиран материјал со чист јазик и јасна мисла. Читајќи ги песните, сама по себе се наметнува мислата за судбината на поединецот која не би имала никакво значење ако не се препознае во колективната трагедија, односно, ако тие не се најдат на исто рамниште во своето единство со силна желба и непокор на овие простори.

Воспевајќи ја вистината и правдината во својата поезија, и со оваа стихозбирка Радован П. Цветковски вградува уште едно парче од мозаикот на современата македонска револуционерна поезија.

Познато е дека со овој вид поезија, неговото долгогодишно присуство на страниците на книжевната периодика, Радован П. Цветковски мајсторски умее да ни ја долови сликата на едно време, настан или личност што посочува на едно исклучително чувство на почит на нашите и идните генерации за делата кои се оставени во завештание за нивен вековен присет.

**Д. Т.**

Средба со писателот Стојан Тарапуза

## Третманот на книгите за деца како за возрасни

Поезијата за деца и млади на писателот Стојан Тарапуза е достоинство на современата македонска литература. Таа е распеан вез од слики, метафори, мелодиски пораки, оригинални хумористични проблесоци, и пред сè, творечко дружење со читателите на кои секогаш им се обраќа со искрена почит и доверба. Тоа го најави уште со својата прва поетска книга „Грејни сонце“ во 1996 година, и до денес остана доследен на својот творечки пат. Има добиено повеќе награди од кои го издвојуваме признанието за современ израз во литературата на Змаевите игри во Нови Сад, во 1982 година. Збирката со признанија неодамна беше збогатена и со наградата за најдобра книга за деца „Ванчо Николески“ на Друштвото на писателите на Македонија за 2014 година. Тоа беше повод за разговор со овој плоден писател за деца и млади, кој, и на почетокот на деветтата деценија од животот, како пензионер е витален и полн со енергија.





● **Високото признание вашите колеги ви го доделија за збирката поетски и прозни записи „Насликано време“. Од каде ја црпевте творечката инспирација во процесот на создавањето на книгата?**

– Мојата најнова објава му ја посветувам на времето. Се раководев од мотото сè се одвива по иста шема: животот дава, времето зема. По една песна посветив на деновите во седмицата, а месеците и годишните времиња, покрај поетското обликување, моите читатели ги доживуваат и преку кратки, би рекол, прознопоетски записи. Сè е тука живо, персонифицирано, така што месеците зборуваат за себе, како стапки во времето, како законитост на природата, потсетувајќи не дека секој период од годината има свои убавини. А тие доблести на времето ги опеав во песни со постојана потрага по нов современ израз. Тоа мора да биде така, зашто ако создаваното не е горење што значи духовна светлина, резултатот ќе биде литература без доживеаност, со скромни уметнички вредности. Сакав на најмладите да им подарам книга која ќе им биде духовна храна, од која ќе зрачи светлина. Се надевам дека успеав во тоа.

● **Вие сте раководител на Клубот на писатели за деца во рамките на Друштвото на писателите на Македонија. На што ќе го ставите акцентот во времето што доаѓа?**

– Преку трибини и разговори за одделни карактеристики и состојби поврзани со творештвото за деца и млади ќе водиме благородна битка за подобар третман на литературата за најмладите. За таа цел се трудиме да ангажираме широк фронт: писатели, издавачи, просветни работници, ресорни министерства итн. Книгата за деца мора да се издигне на еднакво рамниште со книгата за возрасни. Мора дефинитивно да се сфати дека да се пишува за возрасни, е само малку потешко и поодговорно. За тие што мислат поинаку едно потсетување: ризницата на македонската литература, покрај дела за возрасни, е богата и со книги за најмладите читатели. И едните и другите ја афирмираат нашата култура во светот. И во ова време на невидена експанзија на средствата за комуникација и информирање, книгата ништо не може да ја замени како извор на знаење. Книгата образува и облагородува, копнежи раскрилува и душата ја милува. Таа е најмудрата учителка на човекот.

**Перо Миленкоски**

Во текот на мај во Домот на културата „Илинден“ се одржа традиционалната литературна манифестација што ја отвори градоначалникот на општината **Жика Стојановски**. Притоа тој истакна дека целта на оваа манифестација е да ја приближи книгата до читателите, љубители на книгата од сите возрасти. Тоа значи збогатување на знаењето кое е предуслов за напредок и развој и на локалната заедница и на целата држава.

На манифестацијата беше забележано и присуството на голем број пензионери, меѓу кои и Драги Аргировски, претседател на СЗПМ.

Delegacion i lartë shtetëror nga Shqipëria në LShPM

# Do të zgjerohet bashkëpunimi në interes të pensionistëve të dy shteteve

Delegacion i lartë shtetëror i Shqipërisë, i udhëhequr nga **Kolë Nikolaj**, kryetar i Konfederatës së sindikatës të Shqipërisë, në përbërje të së cilës janë edhe pensionistë, më 15 maj, ka vizituar Lidhjen e shoqatave pensioniste të Maqedonisë. Delegacionin e ka pranuar kryetari i LShPM Dragi Argirovski me udhëheqjen më të ngushtë në përbërje Besnik Pocesta nënkryetar i Kuvendit të LShPM dhe Stanka Trajkova sekretar i Këshillit ekzekutiv i Kuvendit të LShPM.



Bashkërisht me zotëri Kolë Nikolaj në takim nga ana shqiptare në Shkup, ka marrë pjesë edhe **Nazif Daljani,** kryetar i konfederatës së Pogradecit. Zotëri Daljani është personi i cili i pari ka organizuar takim të udhëheqjes së pensionistëve të të dy shteteve para dhjetëra vitesh dhe i cili ka kontribuar shumë që ky bashkëpunim të jetë i frytshëm dhe në nivel të duhur.

Mysafiri i lartë nga Shqipëria, në këtë takim ka shprehur kënaqësinë e tij për rezultatet dhe aktivitetet të cilat realizon Lidhja e shoqatave pensioniste e Maqedonisë.

- Jam i fascinuar nga të arriturat e organizatës tuaj të udhëhequr nga zotëri Dragi Argirovski. Ju nuk jeni shembull vetëm për vendet në rrethinë, por jeni shembull për tërë Ballkanin dhe më gjerë. Është fat i madh që bashkëpunojmë me ju sepse ky bashkëpunim na jep mundësi që të mësojmë nga ju dhe t'i shfrytëzojmë dituritë tuaja. Shpresoj se bashkëpunimi ynë në të ardhmen do të jetë edhe më e mirë dhe se ndërrimi i përvojave do të kontribuojë për jetë sa më të mirë dhe me kualitet të pensionistëve në dy shtetet tona.

Në takim, kryetari i LShPM Argirovski, këndshëm i befasuar që mysafiri i lartë në atë masë është i njohur për ato shumë aktivitete dhe sukses të asociacionit tonë pensionistë, në pika të shkurta i përshkroi aktivitetet e LShPM në vitin 2015, si ide të cilat i ka Lidhja në drejtim të zgjerimit të sferave të bashkëpunimit me Shqipërinë, por edhe me vende të tjera në regjion dhe më gjerë.

Më pas, delegacionin e ka pranuar kryetari i LSM d-r Zhivko Mitrevski. Pas pjesës oficiale, mysafirët kanë vizituar Muzeun "Nëna Terezë" dhe kanë parë përmendoret historike të seshit në kryeqytetin tonë.

Të nesërmen, mysafirët e lartë nga Shqipëria kanë marrë pjesë në takimin tradicional shumë etnik të pensionistëve në Tetovë, ku në vepër janë njohur se si shoqërohen pensionistët në Maqedoni pa marrë parasysh kombin dhe fenë dhe se me sukses komunikojnë me gjuhën e bashkëjetesës dhe shoqërimit, si shembull për gjeneratat më të reja.

**Kalina S. Andonova**

# Ministri Spasov në vizitë pensionistëve

Më 25 prill të këtij viti, ministri për punë dhe politikë sociale Dime Spasov, kryetari i LShPM Dragi Argirovski dhe kryetari i komunës Dojran, Borçe Stamov, si dhe një pjesë e udhëheqjes së ShP Gjevgjeli dhe ShP Dojran, kanë vizituar pensionistët në Dojran, të cilët shfrytëzojnë vikend pa pagesë turistik në korniza të projektit qeveritar. Në restorant ishin të pranishëm rreth njëqind pensionistë nga ndërrimi i katërt. Në një atmosferë të këndshme dhe relaksuese, mysafirët u njohën me përshtypjet e pensionistëve, të cilët gjatë bisedës shprehën kënaqësi nga qëndrimi, vendosja, shërbimet, kujdesin për ata të cilët kanë probleme shëndetësore, si dhe për shëtitjet e paharrueshme të mëngjesit dhe pas ditës rreth liqenit. Gjatë vizitës, ministri për punë dhe politikë sociale Di**me Spasov,** i kënaqur nga ajo që dëgjoi nga të pranishmit, ka thënë:

- Desha të theksoj se kujdesi për pensionistët është një obligim dhe detyrë jona, por në të njëjtën kohë edhe angazhimi dhe kënaqësia jonë. Jeta dinjitoze e pensionistëve, jeta me kualitet në moshën e tretë, është përcaktimi ynë si Qeveri e R Maqedonisë, si dhe e Ministrisë për punë dhe politikë sociale. Me realizimin e disa projekteve e vërtetojmë atë. Projektin "Vikend pa pagesë turistik", së pari herë kemi filluar ta realizojmë këtë vit, me të cilin do të përfshihen rreth 3000 pensionistë. Ato do të kenë mundësi të marrin pjesë në Vikendin turistik pa pagesë në Dojran, Ohër, Strugë, Berovë, Krushevë dhe në Prespë. Projekti përfshinë dy pansione të plota me transport pa pagesë, projekt i cili kushton rreth 7 milion denarë dhe planifikohet që të vazhdojë edhe në vitin e ardhshëm. Në bashkëpunim me LShPM vazhdojmë të realizojmë projektet pozitive për jetë më kualitative dhe me dinjitet të shfrytëzuesve të pensionit- ka thënë Spasov.

Kryetari i LShPM **Dragi Argirovski**, ju shprehu urime të përzemërta të pranishmëve dhe shprehu kënaqësi për bashkëpunimin me Ministrinë për punë dhe politikë sociale.



Ministri për punë dhe politikë sociale Dime Spasov, kryetari i LShPM Dragi Argirovski dhe kryetari i komunës Gjevgjelisë Ivan Frangov, gjithashtu kanë vizituar pensionistët të cilët shfrytëzojnë shërbimin rekreimi klimatik në banja në entin shëndetësor, shërimoren e natyrshme "Negorski banji" AD Negotinë, Gjevgjeli. Kryetari i LShPM Dragi Argirovski, gjatë kësaj vizite të pensionistëve në Negorski Banji, ka potencuar se ky projekt është me domethënie të madhe për njerëzit e rritur, për shëndetin e tyre, për shoqërim dhe për miqësi të reja dhe me këtë rast ka përshëndetur vazhdimin e tij.

**Kalina S. Andonova**

# Mbledhje e udhëheqjes të Lidhjes së kryetarëve të ShP

Më 28 prill është mbajtur mbledhje e përbashkët e udhëheqjes të LShPM dhe kryetarëve të shoqatave pensioniste anëtare të Lidhjes. Në mbledhje i pari ka folur duke i përshëndetur të pranishmit, kryetari i LShPM, Dragi Argirovski. Ai, në fjalën e tij ka thënë:

- Fillimisht, më lejoni që në emër të Këshillit ekzekutiv të LShPM, dhe në emrin tim t'ju uroj zgjedhjen në këto funksione me përgjegjësi në shoqatat tuaja të cilat prej dite në ditë bëhen gjithnjë faktor më i rëndësishëm në jetën shoqërore e sidomos për çështjet që kanë të bëjnë me moshën e tretë. Qëllimi i këtij takimi tonë të përbashkët është që të merremi vesh për aktivitetet dhe detyrat të cilat na presin në mandatin e ri, me theks të posaçëm për punën në vitin 2015. Detyrë e parë dhe fillestare për të gjithë ne edhe në këtë vit është që të vazhdojmë me përpjekjet e përbashkëta për mbrojtjen dhe përmirësimin e standardit dhe të kualitetit të jetës së pensionistëve të cilët për arsye të diturive dhe përvojave të tyre bëhen gjithnjë e më tepër hallkë e rëndësishme në jetën sociale në secilin shtet, e po ashtu edhe te na.

LShPM dhe shoqatat, duke kultivuar sportin, veprimtaritë kulturore dhe shoqërimin, kontribuojnë që të ngadalësohet procesi i plakjes, të forcohet bashkëjetesa, ndërkaq jeta në moshën e tretë të fitoj përmbajtje dhe kualitet. Më 9 qershor, pjesëmarrësit më të mirë të shoqatave do të marrin pjesë në Revyalin republikan të këngëve, muzikës dhe valleve, e cila nën patronazhin e Ministrisë së kulturës, do të mbahet në sallën e madhe të operës dhe baletit maqedonas në Shkup. Më 5 shtator të këtij viti, nën patronazhin e Ministrisë së punës dhe politikës sociale, do të mbahet Olimpiada jubilare e 20-të e radhës në terrenet sportive në kompleksin Nju-Star në Shkup. Jubile me dinjitet për respekt me të cilin rrallë kush se mundet të lëvdohet. Edhe këtë vit, ka thënë Argirovski, presim që piknik takimet pensioniste ta përsërisin shkëlqimin dhe masivitetin e vitit të kalueshëm. Këtë vit, ka shtuar ai, pritet që të rritet edhe aktiviteti dhe bashkëpunimi ndërkombëtar si LShPM, ashtu edhe i shoqatave pensioniste. Informimin do ta forcojmë sepse ajo



është forca dhe pjesë e rëndësishme në aktivitetet e Lidhjes. Do ta rrisim numrin e faqeve të gazetës pa pagesë "Penzioner plus", do ta ripërtërimë bashkëpunimin me gazetën "KOHA" për faqen e pensionistëve në gjuhën shqipe dhe do ta rrisim tirazhin e shtesës "Penzionerski vidici në gazetën "Nova Makedonija". Punohet në përmirësimin edhe të Veb faqes tonë. Ndër aktivitetet e rëndësishme të Lidhjes, do të jetë edhe përgatitja e Statutit të ri të LShPM. Përpjekjet tona duhet të jenë në mirëkuptimin dhe tolerancën e ndërsjellë, në zgjerimin e besimit dhe respektit. Zgjedhja e njëzëshme e kryetarit të LShPM, më jep detyrë që me përgjegjësi të kërkoj nga të gjithë ju që ta vazhdojmë punën bashkërisht dhe me plan, sepse vetëm ashtu jepen rezultatet e duhura. Gjithsesi se në punën tonë mund të kemi edhe moskuptime të cilat detyrimisht duhet t'i tejkalojmë në mënyrë transparente, me qetësi dhe në mënyrë racionale, në interes të gjithë pensionistëve. Në atë drejtim edhe është strategjia jonë për krijimin e kushteve më të mira për plakje me dinjitet, për plakje aktive dhe të shëndetshme. Shpresoj se besimin që ju kanë dhënën shoqatat tuaja, do ta arsyetoni me ndjenjë përgjegjësie më të theksuar, rezultate dhe suksese.

Më pastaj, sekretari i Këshillit ekzekutiv i LShPM, **Stanka Trajkova** i ka thënë theksimet më të rëndësishme nga Programi i Lidhjes për vitin 2015, për çka ajo ka thënë:

- Gjithnjë kur më jepet rasti që t'ju drejtohem kryetarëve të shoqatave atë e bëj me pietet të veçantë sepse para meje janë njerëz të cilët drejtpërdrejt vijnë nga mjediset ku realizohen aktivitete dhe ku pulson jeta e pensionistëve, të cilët janë kategori e meritueshme qytetarësh në shoqërinë tonë, sepse në ato është akumuluar shumë dituri shkathtësi dhe veprimi i tyre është shumë me rëndësi në jetën ekonomike-shoqërore. Në Programin për punën e LShPM për vitin 2015 i cili është sjellë nga Kuvendi i Lidhjes, vazhdojnë pandërprerë tanimë aktivitetet e filluara, por që kuptohet se ka edhe të reja. Si më të rëndësishmet ajo ka përmend mbrojtjen e të drejtave nga sigurimi pensionist invalidor, pagesa e rregullt e pensioneve dhe të mirave të tjera. Me Ligjin për ndryshime dhe plotësime të ESPI (ZPI0) për vitin 2015 është vërtetuar se të gjitha pensionet përfundimisht me shtatorin 2015 të rriten për 5%. Në vitin 2015 planifikohet të fillohet realizimi i Projektit Pensionisti – vullonter i cili do të jetë Projekt i kohës së re. Edhe tema e përkrahjes së shoqatave më të vogla për herë të parë vendoset në faqet e Programit për punë në LShPM. Praktika tregon se shoqatat deri më 500 anëtarë ekonomikisht janë subjekte të dobëta dhe kështu ata nuk mund të zhvillojnë aktivitete të kënaqshme, e atë mund ta arrijnë në bashkëpunim me pushtetin lokal ose me shoqatat më të mëdha. Në Programin për punë në vitin 2015 vend me rëndësi kanë edhe Aktivet e pensionisteve si dhe bashkëpunimi me Fondet e SPIM dhe ZOM, dhe krijimi e kushteve më të mira për punë të Këshillit e Organizatës së regjistruar për fond solidar dhe anëtarësi.

Në mbledhje, Jovan Mazganski i ka prezantua rezultatet dhe të mirat e Kartës sociale e cila si Pilot projekt është realizuar me sukses në ShP Gjorçe Petrov.

**Kalina S. Andonova**

# Takim rasti me kavallxhiun Shefket Ismanin



Etakuam kavallxhiun Shefket Ismani rastësisht në një kafene në Saraj. E dija se është prej kohësh i dashuruar në kavallet. Në bisedën spontane që zhvilluam me të, konstatuam se ia vlen të shkruhen disa rreshta.

Është i lindur në fshatin Bukoviq të Dervenit të Shkupit në vitin 1948. Prej disa vitesh jeton në vendbanimin Gjorçe Petrov II të Shkupit. Është anëtarë i Shoqatës së pensionistëve Gjorçe Petrov. Na tha se kavallet i ka mësuar t'ju bjer nga daja i vet që nga fëmijëria. Shefket Ismani, është pjesëmarrës në shumë manifestime kulturore artistike siç janë: Manifestimi "Këngë Jeho" në Strugë; në manifestime për Ditën e Alfabetit; në Ditët e Naimit; në takimet "Pece Atanasovski" në Prilep; në Revyalet e këngës, muzikës dhe valleve të pensionistëve në disa qytete të Maqedonisë që organizon Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë; në Sallën Universale, në Shtëpinë e Armatës; në Emisione dokumentare (edhe me kavalle) në Radiotelevizionin e Maqedonisë - emisioni në gjuhën shqipe; në Radio Shkupin, programi në gjuhën shqipe ku ka përcjellë me kavalle disa këngëtarë. Me ftesë të organizatorëve, ka marrë pjesë në disa koncerte në Republikën e Kosovës si: në Kaçanik, Rahovec, Has etj. Ka marrë pjesë me kavalle nëpër dasma; në promovime librash; në promovime të OJQ etj. Si pjesëmarrës i suksesshëm në shumë takime me karakter kulturorë dhe artistik, është mbartës i disa mirënjohjeve dhe diplomave. Për pjesëmarrjen në "Pece Atanasovski" në Prilep, në dy vite me radhë (2012 dhe 2013) është fitues i diplomës për paraqitjet më të mira me kavalle-duet (së bashku me kavallxhiun Sadri Beadini, ku Shefketi ka udhëhequr me kavalle).

Kavallisti Shefket Ismani na tha se punon në ushtrimin e dy të rinjve nga rajoni i Dervenit të Shkupit me qëllim që të lë prapa trashëgimtarë. Këtë ai e bënë me shumë vullnet dhe krenari. Shefket Ismani si kavallist është shumë modest. Ai, shumë pjesëmarrjet e tij me kavalle i bënë pa ndonjë kompensim. Për momentin është anëtar i Shoqatës kulturore artistike "Flamuri" nga Krushopeku i Shkupit. Ai është i disponuar t'ju bjer kavalleve kurdo dhe kudo që e lyp nevoja.

**Baki Bakiu**

ShP Çair

# Vizitë në Dibër dhe Strugë

Në kuadër të aktiviteteve të planifikuara, ShP Çair, në fillim të muajt maj, ka realizuar ekskursion njëditorë pa pagesë në Dibër dhe Strugë. Tre autobusë, me 150 pensionistë, janë ilustrim i mjaftueshëm për dëshirën dhe interesimin e pensionistëve që të vizitohet ndonjë vend në Maqedoni dhe për moment të përjetohen disa çaste të këndshme dhe momente jo të përditshme. Gjatë rrugës, në këtë ditë të bukur pranveror?, në autobusët, derisa disa këndonin, të tjerët bënin shaka ndërsa një pjesë tjetër kanë përcjellë rrethin e bukur dhe përjetonin në bukuritë natyrore. Qëndrimi i parë ishte në Hanet e Mavrovës, në një pushim të shkurtër kafeje. Më pas, gjatë rrugës duke i kundërshtuar vitet, duke i falënderuar dëshirës që të shihet manastiri i bukur "Jovan Bigorski", i cili gjendet lart në anën e majtë të lumit Radika, pensionistët arritën në këmbë deri atje përmes rrugës së pjerrët. Pas shikimit të shkurtër të Dibrës, vizitorët u nisën për në Strugë, ku vizituan qytetin dhe disa vende me rëndësi.

- Kënaqësia tek pensionistët nga ekskursione të tilla është e madhe, nga se ata shoqërohen dhe njihen me pasuritë kulturore nacionale të Maqedonisë. Me mënyrën e këtillë të organizimit e udhëtimit nëpër Maqedoni ose jashtë shtetit, do të vazhdojmë ta praktikojmë edhe më tej, sepse ka interesim të madh tek pensionistët, - na tha Mentor Qoku, kryetar i KE i ShP Çair.

**Vasil Paçemski**

ShP Dibër Qendër Zhupë

# Një vikend ndryshe nga të tjerët

Dibër, 14 maj- Shoqatat e pensionistëve Dibër Qendër Zhupë, realizoi një ekskursion disa ditor në Republikën e Shqipërisë, ku vizituan shumë qytete të bukura shqiptare si dhe monumente kulturore-historike.

Rreth 100 pensionistë në mënyrë të organizuar udhëtuan drejt Shqipërisë. Ata nga së afërmi panë qytete e Shqipërisë së jugut, vendet bregdetare Vlorën dhe Sarandën, qytetin e lashtë shqiptar Butrintin, Gjirokastrën, Elbasanin, Fierin etj. Gjatë këtyre vizitave ata panë shumë monumente kulturore-artistike dhe nga ana e ciceronëve u njohën mbi historikun dhe domethëniet e këtyre vendeve historike.

Kryetari i shoqatës së pensionistëve dibran Xhavit Karpuzi, na informoi se ekskursioni disa ditor ishte një vizitë që ndikoi shumë pozitivisht tek mosha e tretë. Sidomos, çmimi i kapshëm ishte dhe një shkas edhe për ata pensionistë që marrin pensione të ulëta, e që tani patën mundësin t'i vizitojnë qytetet e bukura shqiptare. Me Programin e shoqatës kemi edhe disa ekskursione të tjera si në Shqipëri dhe vende të tjera, me qëllim që edhe mosha e tretë të ndjehet e kënaqur dhe e gëzuar, ka thënë Karpuzi. Sipas tij kjo shoqatë gjithmonë do të jetë në shërbim të kësaj kategorie dhe do të jetë një shkas për përmirësimin e jetës së pensionistëve. Karpuzi thotë se edhe pse jam në këtë funksion si kryetar i shoqatës vetëm disa muaj, do të angazhohem që aktivitetet e pensionistëve në të gjitha sferat, të kënaqin këtë moshë të tretë por edhe shëtitjet, vizitat, ndihmat dhe aktivitete të tjera do të jenë të shpeshta dhe pran tyre në çdo kohë.

Emin Lleshi, pensionist i cili mori pjesë në këtë ekskursion tha se janë ditë të paharruara. Janë mundësi që si kemi pasur më parë për t'i vizituar këto vende të bukura bregdetare. Ndërsa Imjan Shehu, po ashtu pensioniste tha se këta ekskursione janë një relaksim për moshën tonë, nga që pas një pune të lodhshme disa vjeçare e meritojmë tani që të argëtohemi dhe ti shfrytëzojmë këta mundësi që na i ofron shoqata e pensionistëve.

Pensionistët dibran, pos ekskursionit ata edhe u shoqëruan dhe shkëmbyen mendime dhe përvojat e tyre edhe me pensionistë të tjerë nga Shqipëria që takuan nëpër vendet ku vizituan.

Gjatë kthimit nga ky ekskursion disa ditor, dëgjohej zëri i disa pensionistëve duke thënë se kjo ishte një javë dhe vikend, ndryshe nga të tjerët ku jeta, obligimet dhe problemet janë përditshmëria jonë monotone. Andaj, ata presin ekskursione të tjera, të cilët sa do pak ju japin shpresë dhe dritë jetës së tyre.

**Vjollca Sadiku**

ЗП Пробиштип

# Кога спортот гради пријателства

На 20-ти мај годинава, Пробиштип беше домаќин на пријателските спортски игри на кои традиционално учествуваат пензионерските здруженија од Крива Паланка, Кратово, Свети Николе и Пробиштип. Над две деценискoто дружење на пензионерите од овие четири здруженија создаде нераскинливо пријателство меѓу пензионерите кои покрај на спортските терени се среќаваа и по други семејни поводи.



На учесниците во натпреварите и на останатите гости прв им се обрати и им посака пријатен престој во Пробиштип претседателот на Здружението на пензионерите **Груица Манасијев**, а потоа искрени желби за здрав и среќен живот им упати градоначалникот на општината **Тони Тоневски**, кој меѓу другото рече:

– Особено сум почестен кога ќе се најдам меѓу пензионерите зошто во Вас го гледам се она што Вие го создадовте и што го имаме денес. Ние помладите можеме од вас многу да научиме и ќе настојуваме да го следиме вашиот пример како се гради и чува пријателството, како преку спортот и културата градите мостови на пријателството, а сето тоа ве прави здрави и витални. Ги прогласувам игрите за отворени и ви посакувам многу здравје и убав ден во градот на рударите.

Фер и спортско дружење на натпреварувачите им посака и претседателот на комисијата за спорт и рекреација **Страшо Спасов**.

Во пријатна атмосфера во реконструираниот дом на пензионерите неколку часови се одвиваа натпреварите во салонските спортови како што се шах, табла, домино и пикадо за мажи и жени и билијард за мажи. И покрај тоа што спортувањето немаше натпреварувачки карактер, секоја екипа настојуваше да го заземе приматот најдобар спортист или најдобра екипа. На крај се сумираа резултатите, се доделија благодарниците за учество и за постигнатите резултати. Екипно првото место им припадна на пензионерите – спортисти од Крива Паланка, на второто место се најдоа домаќините – екипата од Пробиштип, трети беа светиниколчани и на четвртото место се најде екипата од Кратово.

На крајот победи и другарувањето и пријателството кое ќе трае многу години и ќе се пренесува од генерации на генерации. До крајот на годинава, своето гостопримство ќе го покажат и останатите здруженија кои се дел од овие пријателски спортски игри.

**М. Здравковска**

ЗП Тетово – Ликови на истакнати пензионери

# И во пензија со диригентската палка

За тетовскиот пензионер Ивица Зориќ, по професија диригент, не е можно да се говори а да не се спомне неговата дејност поврзана со хорското музицирање. Тој и ден-денес е постојано со членовите – хористките на детскиот хор „Лале“ и младинскиот хор „Менада“. Основани се по негова идеја и со години редат успеси и резултати иако, за жал, секогаш наидувале со просторни и финансиски проблеми.



„Откако во 1973 година Тетово стана организатор и домаќин на сега веќе традиционалната хорска манифестација „ТЕХО“, заедно со повеќемина тетовци се одлучивме да формираме детски хор. Стартувавме во 1977 со детскиот хор „Лале“. За четири години тие „израснаа“, па станаа првите членови на женскиот хор „Менада“. На репертоарот на двата хора имам поставено 400 хорски композиции од различни стилови, епохи и периоди од македонската и светската хорска акапела и вокалноинструментална музика, претставувајќи се на над 20 светски јазици. Посебна карактеристика на изведувачките активности е редовната застапеност на дела од македонски автори“, – вели Ивица Зориќ.

Со двата хора со кои работи овој тетовски музички работник и активен пензионер, настапува на сите значајни културни манифестации во земјата. Со детскиот хор „Лале“ на Републичкиот фестивал на младински пионерски хорови во Кавадарци има освоено 10 први и две втори награди, додека со „Менада“ 11 златни плакети. На фестивалот во Кавадарци повеќе пати ја добива наградата за диригент, а со „Лале“ во 1980 година Втората награда за студиски снимки за натпреварот на Евровизија на ЈРТ.

Нема сомнение дека Ивица Зориќ со неговите хорови е вистински музички амбасадор во многу земји на Европа, потврдувајќи се како афирмиран музички уметник, пред сè на македонската музичка култура. Неговите врвни остварувања се валоризирани и на разни фестивали во странство. Прва награда освоил во Добрич (Бугарија), Гисен и Берлин (Германија), како и високи места на фестивалите во Литомишл (Чешка), Цеље (Словенија), Превеза (Грција), Бад Ишл (Австрија), во Хајновка (Полска) награден е како најуспешен диригент во 1999 година. Овој музички уметник е претседател на УО на „ТЕХО“, иницијатор и основач на Балканскиот хорски форум во кој членуваат Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Турција, Србија и Романија, а член е и на Европската хорска асоцијација AGEC со седиште во Белгија.

Композиторите Тодор Скаловски, Михајло Николовски, Благој Цанев, Димче Николески, Стојан Стојков, Стојче Тошески, како и Герт Сорг (Германија) и Стојан Бабеков (Бугарија), му имаат посветено свои композиции на Ивица Зориќ како диригент, теоретичар и доктор на музичките науки. Тоа го прави уште поодговорен во макотрпната работа.

Ивица Зориќ е доктор по хорска музика, а докторирал на тема „Дигитален каталог на македонското хорско творештво“. Добитник е на највисоката државна награда во земјата „11 Октомври“, а во 2005-та година два пати му е доделена најголемата општинска награда на Тетово. За посебни успеси во наставно-образовната дејност ја добива наградата „Кирил Пејчиновиќ“, а Здружението на музички и балетски педагози на Македонија го наградува со Плакета за повеќегодишната успешна работа во областа на музичката педагогија.

Маестро Ивица Зориќ е убав пример дека и во поодминати години може да се биде активен и да се дава придонес во многу области. Со негување на хорското музицирање, тој ја афирмира нашата земја во регионот, а и пошироко.

**Г. Ефтоски**

# Љубовта доаѓа и во есента на животот

Беше време за ручек. Мала група од неколку старици тивко влегуваше во лифтот од старскиот дом, каде што одамна се беа навикнале на редот, за да се симнат во трпезаријата. И пред да тргне, набрзина во последен момент, во лифтот успеа да влезе и дедо Добре кој од неодамна беше станар во домот. Тој овде дојде сам за да ги мине пензионерските денови со своите врсници.

Изненадени од неговото присуство едната од старициите се накашла, другата со раката полна со траги од времето, цврсто го стегна својот бастун, додека во аголот исправена стоеше баба Спасија, која исто така од неодамна беше дојдена во домот. Еден сед извиткан прамен од косата непослушно ѝ се стркала на челото и таа ја крена бавно раката за да го намести. Тоа движење му го сврте вниманието на дедо Добре. Тој со необичните сини очи ја погледна Спасија, која веќе збунета по трет пат го креваше немирниот прамен. Вкрстените набрзина погледи, беа доволни за да се разлее топлина измешана со тивкото треперење на бранот од радост и скриена возбуда. Добре збунето и кимна со главата во знак на поздрав и посмело ја погледна, а таа срамежливо му отпоздрави. Немаше глас, но и тишината понекогаш знае да биде посилна од зборовите.

Од тој ден, од таа прва средба во лифтот, почна нивното дружење. Тие почнаа секојдневно да одат заедно на ручек: дедо Добре, баба Спасија и нејзината цимерка која беше наглува и не можеше да слушне што разговараат, но постојано се насмевнуваше како да претчувствуваше дека нешто убаво се случува. Како да ја чувствуваше нивната поврзаност гледајќи ги нивните радосни очи додека се шетаа низ дворот или седеа на клупата. Дружењето им стана содржина на нивните денови. Цимерката понекогаш ќе си заминеше и ќе ги оставеше сами.

Се заредија деновите... Процвета и липата во дворот, која ги полеваше со својата миризба, а ветерот како да стивнуваше пред нивните бавни чекори. Спасија почна да ги одбира поубавите блузички во плакарот, а дедо Добре се трудеше секогаш кошулата да му биде чиста, особено онаа сината која беше иста како и неговите очи. Прошетките им стануваа се подолги, одеа дури до пазарот, до блискиот парк. Веќе никому не му беше чудно кога ќе ги видеа како се држат за рака со растреперените раце. Насмевката на Спасија и го разубавуваше лицето додека се смееја на нешта кои беа само нивни. На сите во домот им беше јасно дека љубовта не го одминува никого, дека таа е насекаде, дека не е привилегија само на младоста и дека тивко доаѓа на своите нежни крилја и во есента на животот.

Собата на дедо Добре беше сè почиста и посредена, немаше веќе скинато копче на неговите кошули, а честопати ќе се видеше како баба Спасија грижливо му ги брише очилата или како тој и го отстапува својот десерт. На сите им беше јасно дека меѓу нив постојат силни чувства и воопшто не беше важно дали е тоа љубов, пријателство, почит или другарство. Можеби тие чувства беа истkаени од сето тоа заедно. Топлината што се гледаше во нивните очи беше посилна од сè. Не им беа потребни многу зборови, беше доволен само допирот на нивните растреперени дланки... Но не рекле бадијала дека убавото не трае долго...

Тоа се случи во еден есенски ден, кога небото беше натежнато од облаци, а ветерот ги удираше дождовните капки по стаклата од прозорците. Се слушна тивок шепот низ ходникот на старскиот дом: дедо Добре имал удар... Со денови Спасија седеше до него. Не ги криеше солзите кои се тркалаа по нејзиното лице, а таа со рацете склопени во скутот како да ги собираше за да ги зачува како доказ на нејзината искрена тага. Се трудеше да го развесели, да биде пак оној истиот Добре секогаш весел и со големо срце. Се обидуваше да го нахрани, го прашуваше што сака, а тој само ќе кимнеше со главата, како при нивната прва средба и ја милуваше со своите сини очи. Се обидуваше да се насмевне, но неговата насмевка беше искривена, тажна...

Едвај успеваше да ѝ ја стегне раката во знак на благодарност што е до него, како да сакаше да ја утеши, или можеби да се збогува... И си замина, без збор, во тишина. По неговото заминување Спасија повторно ги врати убавите блузички во плакарот, лицето уште повеќе ѝ се збрчка, ѝ стана побледо и тажно, но таа тоа го носеше во срцето заедно со спомeнот на Добре и нивната љубов и пријателство. Ништо не ја интересираше. Како да стана и глува и слепа за сè. Набргу, во едно студено зимско утро и таа замина тивко... Можеби, таму горе, во небесната шир, се нашле нивните две души... Зар не можеше времето да подзапре за да му се порадуваат заедно на животот уште некоја година...

**Р. Митиќ**

Јубилеј на прва генерација матуранти

# По 55 години пак заедно

Првата генерација на економски паралелки при Гимназијата „Ѓупчо Сантов“ во Кочани неодамна ја одбележа 55-годишнината од завршувањето на средното образование. Според програмата, одамна завршените средношколци, сега пензионери се собраа да го одбележат јубилејот и да се потсетат на едно дамнешно време.

– Овој јубилеј не прави горди не само заради тоа што сме прва генерација, туку и заради тоа што сме една од поуспешните генерации со економски паралелки на ова училиште кое се смета за едно од најуспешните во овој крај, – ни рече **Стефка Илиевска-Михајлова**, една од славеничките на оваа генерација матуранти.

Во одбележувањето на јубилејот, некогашните матуранти положија свежо цвеќе пред бистата на патронот, а во знак на сеќавање во училишниот двор засадија дрво на генерацијата.

**Слободан Арсов**

# Моите внуци - мојата радост

Со најубавите и најблескавите весели бои, моите драгоцености, дечињата од моите деца – моите внуци, како волшебници ја бојат есента од мојот живот. Тие се мојата надеж, љубов и центар на моето постоење и внимание. Тие се вгнездени во мојата душа, постојано присутни во моите размислувања, последни во мислите кога заспивам и први, кога се будам.

Со нив повторно, се враќам во моето среќно, но многу далечно детство. Им раскажувам приказни и занимливости од времето кога бев како нив малечка. Тие, незаситно слушаат и бараат уште и уште, од најубавите и вистински бабини животни случувања, понекогаш смешни и весели, понекогаш тажни, но секогаш најинтересни и најслушани. Тогаш се чувствувам среќно и задоволно, се подмладувам, чинам дури и брчките на времето на моето лице исчезнуваат пред радоста на моите најмили, лицето ми се озарува, заплиснато со милост.

Незаборавни се миговите кога успевам да им приредам некое изненадување – бликаат од радост, а на мојата среќа и нема крај. Со нив никогаш не е здодевно. Многу ми значи тоа што го добивам од нив – нивната љубов, внимание и потреба од моето присуство. Ме исполнуваат со желба за живот, ми ја разубавуваат староста, придонесуваат активно да стареам и да се занимавам со работи за кои никогаш не сум ниту помислила дека можам да ги правам. За нив и со нив се е лесно!

На ниту едно од моите внуци нема што да се додаде или смени – секое од нив е посебно на свој начин. За мене секое од нив е совршено – Никола, Горана, Маринела, Јован и Славјана.



На свој начин, преку љубовта и неограничената почит едни кон други, ја градиме нашата нераскинлива врска, која, сигурна сум, кај нив засекогаш ќе остане во трајно сеќавање...

Баби, дедовци – сакајте ги и почитувајте ги тие мали суштества, нашите внуци – за да ни возвратат со голема радост и топла љубов, кои ја облагородуваат нашата старост и ни ги разубавуваат нашите пензионерски денови.

**Вукица Петрушева**

# Кога бев дете

Кога бев дете во Варош под Марковите кули,
во старата куќа на дедо ми Ангеле

Плетев, везев и дворот го метев под сенката на старата лозница,
рогозина постилав за тутунот што беше го набрале и го донеле
од нивата, моите постари сестри и браќа

И додека тие да ги измијат рацете од катранот на горчливиот тутун,
и се напијат ладна вода од бардињата што сум ги наполнила од
Бела чешма, и каснат грозје од старата лозница на дедоми Ангеле

Јас одлетував како пчелка од цвет на цвет низ Марковите кули,
од карпа на карпа, песни пеев и се смеев,
слушајќи го гласот на мојата мила мајка Ленка

Лилјаноо ајдеее дојди, дојди тутун да нижеш,
тутун да нижеш,

а јас и одговарав со песна:

Нејќам мајко јас да дојдам, дење ноќе тутун нижам,
сакам песна јас да пеам со гитара јас да свирам,
светот мајко да го видам

Сакам песна јас да пеам со гитара јас да свирам,
тебе мајко да спомнувам.



**Автобиогравска песна од Лилјана Батлеска Конеска, родена 1934 г во Варош - Прилеп**

### Струмица: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Презентирање на богатото културно творештво


Данче Даскалова


Јосиф Христов


Станка Трајкова

На 2–ри јуни 2015 година, во Струмица, во организација на СЗПМ, се одржа 13–та регионална ревија на песни, музика и игри на пензионерите од петтиот – југоисточен регион. Покрај домаќинот ЗП Струмица, во оваа најмасовна фолклорна манифестација учествуваа и здруженијата на пензионери од Пробиштип, Штип и Карбинци, Свети Николе, Злетово, Радовиш и Конче, Ново Село и Лозово. Учесниците, според редоследот за настап, предводени од девојчиња во народна носија и ленти со имињата на здруженијата, продефилираа од Домот на пензионерите низ центарот на градот, привлекувајќи посебно внимание и интерес на граѓаните за настанот што се случи потоа во Домот на културата.

Ревијата започна со исполнување на „Химната на пензионерите" од пејачката група на ЗП Струмица, а добредојде на учесниците и на гостите, прва им посака претседателката на ИО на ЗП Струмица **Данче Даскаловска**. Таа ги запозна присутните и со личната карта на ова, речиси, најголемо здружение во регионот, кое има традиција во негувањето на културно–забавниот живот, но и во другите активности.

Во име на локалната самоуправа учесниците и гостите ги поздрави **Јосиф Христов**, претседател на Советот на општината. Тој на пензионерите им посака убаво да си поминат, да пеат, да играат, да се веселат и да се дружат.

Секретарот на ИО на СЗПМ, **Станка Трајкова** во своето инспиративно обраќање рече дека оваа културна манифестација на пензионерите се држи во градот во кој од дамнина се вкрстувале многу цивилизации и оставале траги врз културата и развојот на ова подрачје, па затоа изворот на традициите е толку богат и неиспресушен, а пензионерите знаат да ги обновуваат, да ги негуваат и пренесуваат на младите генерации. Во остварувањето на оваа мисија, ревиите на песни, музика и игри се добродојдени, бидејќи со својата разновидност ја манифестираат богатата културна ризница и поттикнуваат нови облици на традициите. Прогласувајќи ја ревијата за отворена, таа истакна дека учесниците веќе се докажани во негувањето и презентирањето на културните традиции во подрачјата од каде што доаѓаат и затоа очекува оваа манифестација на пензионерите да биде мошне богата и разновидна.

И навистина, претставниците на здруженијата настапија со мошне разновидна програма која изобилуваше со стари народни изворни изведби од богатото фолклорно наследство обоени со традиционални белези карактеристични за ова подрачје. Разнозвучењето на музиката, на песните и на ората и разнобојноста на носиите го отсликуваа мозаикот на посебноста и изразот на идентитетот на нашето долговечно опстојување. Манифестацијата заврши со доделување признанија на учесниците, на кои во име на организаторот СЗПМ, им ги врачи **Милевка Здравковска**, потпретседател на Комисијата за културно–забавен живот при Сојузот. Потоа, во ресторанот во Домот на пензионерите, со убави македонски песни, со музика и игри, продолжи дружењето на учесниците и гостите оставајќи незаборавни впечатоци од средбата.

М.Д.


ЗП Штип и Карбинци



ЗП Пробиштип


ЗП Св. Николе


ЗП Злетово


ЗП Струмица


ЗП Лозово


ЗП Ново Село


ЗП Радовиш и Конче



Доделување благодарници

### Гевгелија: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Традициите во аманет на младите генерации


Лена Семенакова


Иван Франгов


Драги Аргировски

Тринаесеттата регионална ревија на песни музика и игри на здруженијата на пензионери од **шестиот регион**, во организација на СЗПМ, се одржа на 27–ми мај во салата на Народниот театар во Гевгелија. Здружението на пензионери, кое го носи името на овој град, во улога на домаќин организирано ги дочека гостите и учесниците од ЗП Богданци, Кавадарци, Неготино и Велес, кои на ревијата се претставија со разновидна и богата културно–забавна програма. Првото добредојде на гостите и учесниците на ревијата дојде од внуците на тамошните пензионери, членови на Хип–хоп студиото „Мистик", кои постојано им приредуваат пријатни изненадувања со успесите што ги постигнуваат на републичките и меѓународните натпревари. Сите присутни уживаа во нивниот настап, како и во двочасовната репрезентативна програма на пензионерите.

Претседателката на Извршниот одбор ЗП Гевгелија, **Лена Семенакова,** во своето пригодно обраќање им посака добредојде на гостите и учесниците, посакувајќи им на сите пријатно да се чувствуваат во градот на светлината и на топлото гостопримство. На присутните им се обрати и градоначалникот на Гевгелија **Иван Франгов** искажувајќи позитивно мислење за активностите и дејствувањето на пензионерите во рамките на Општината. Притоа тој ја истакна добрата соработка со Здружението и даде ветување дека и понатаму максимално ќе ги поддржува и помага пензионерите.

Во поздравниот збор претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** истакна дека здружението домаќин се повеќе се докажува во разни области и активности и затоа не е случајно избрано за соорганизатор на оваа значајна манифестација на пензионерите. Потврда за тоа е и минатогодишната Седмоноемвриска награда Златна плакета, како највисоко општинско признание, што ја доби ЗП Гевгелија за постигнатите резултати во сите сегменти од животот. Во таа насока тој го апострофираше значењето на Ревијата во негувањето и збогатувањето на културното творештво во регионот и пошироко, со нагласување на потребата за постојано развивање и натамошно чување на богатата културна ризница на нашата земја низ активностите и културното живеење на пензионерите. Тој истакна дека за негувањето и обновувањето на старогградски и изворни народни песни, за зачувувањето на културните традиции и обичаи, а со сето тоа и на нашиот идентитет, Министерството за култура, неколку години по ред регионалните ревии и Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри ги прогласи за национален интерес на културата во Република Македонија. За регионалната ревија во Гевгелија рече дека очекува да даде нов придонес во афирмацијата на фолклорното богатство на повардарскиот регион, надалеку познат со својата убава песна, музика, игри и обичаи.

Потоа, сцената беше отстапена на учесниците, кои настапија со посебен ентузијазам и желба за подобро претставување, со натпреварувачки дух, како на познати фестивали на професионални пејачи и музичари. Но, најважно беше тоа што играта и песната испеани од срце и со радост ги освои и развесели сите учесници кои покажаа дека за вакви и слични активности годините не се пречка. Тие уште еднаш го манифестираа она што е најдраго, највредно и најскапоцено за човекот – здравјето, песната, музиката и играта. А целта е единствена: – да се чуваат, да се негуваат и да се афирмират фолкорот, традицијата и обичаите и да се оставаат во аманет на генерациите кои доаѓаат.

На крајот, во името на организаторот СЗПМ, признанијата на учесниците им ги врачи **Мендо Димовски,** претседател на Комисијата за културно–забавен живот. Манифестацијата заврши со заедничка средба и дружење на гостите и учесниците, со музика, песни и ора, што остави силен и незаборавен впечаток кај сите присутни.

Л.С.


ЗП Кавадарци


ЗП Неготино


ЗП Гевгелија


ЗП Велес


ЗП Богданци


Доделување благодарници

ЗП Бутел

# Голем интерес за екскурзиите

И мајќи го предвид интересот на своето членство Здружението на пензионери Бутел при планирањето и остварувањето на Програмата за работа и оваа година поголемо внимание им посвети на туристичко–рекреативните активности. При патувањата и екскурзиите што се организираат се води сметка за разли-



чноста и привлечноста на дестинациите и секако за приближно еднаквата застапеност на заинтересираните членови по ограноци. Претседателот на ЗП **Љупчо Димовски** вели дека динамиката во остварувањето на екскурзиите главно е сообразена со датумите кои ги означуваат настаните или го поврзуваат местото на посетата за некакво културно–историско или религиско обележје. Затоа екскурзиите во минатиот и тековниот месец изгледаат како позгуснати и поприоритетни во однос на другите активности.

Според мислењето на потпретседателот на ИО на Здружението **Никола Стојановски,** интересот за екскурзиите стана поголем и поради создавањето весела атмосфера при одењето и враќањето во автобусите, благодарение на придружбата на неколкуте песнопојци главно придружувани од звуците на гајдата на **Стојко Станоевски** и тарабуката на **Иван Ѓорѓиев,** кои речиси за секого станаа предвизик за заедничко пеење и дружење. Затоа пензионерите учесници во екскурзиите и посетите на Велес и Велешлко Езеро, на манастирите „Свети Николај" и „Мирина" штипско, како и на други дестинации, со задоволство раскажуваат за импресиите и убавите моменти што ги поминале.

Исто така, ЗП Бутел како младо здружение се афирмира и бележи успех во културно–забавните и спортските активности, што се покажа и при учеството на Регионалната ревија на песни, музика и игри во рамките на вториот регион, а солидни резултати очекува и на регионалните спортски натпревари, за што интензивно се подготвува.

**М.Д.**

ЗП Тетово

# Посета на историски знаменитости во Албанија

Група од 71 членови на Здружението на пензионерите Тетово учествуваше на четиридневна екскурзија во соседна Албанија. Посетени се повеќе градови сврзани за историското минато на оваа земја, како и повеќе туристички локалитети. Пензионерите со одушевување зборуваат за сè што имале прилика да видат и доживеат. Посебно задоволство искажуваа за превозните услуги и вниманието на ангажираните на компанијата, која со посебно внимание ги опслужувала пензионерите, особено заради нивната возраст. Вели Пајазити беше водач на патот. Прва дестинација бил хотелот „Балкан" на брегот на Јадранското Море кај Драч, од каде четирите дена патувале во четири правци:

– Прва наша цел беше градот Круја, за кој е сврзан животниот пат на познатиот балкански војсководец Скендербег. Го посетивме меморијалниот музеј и калето – тврдина на која Скендербег ги водел поголемите битки против турскиот башибозук, – раскажува Пајазити. И вториот ден бил исполнет со нови доживувања. Во градот Лежа тетовската група пензионери го посетиле гробот на Скендербег. Посетен бил и Скадар со прошетка по брегот на познатото Скадарско Езеро и Калето. Посебно занимлива била посетата на трите верски објекти – католичката и православната црква и џамијата кои се наоѓаат во единствен двор. Во градот Шенѓен, како туристички центар на брегот на Јадранското Море, пријатни мигови пензионерите поминале шетајќи по брегот.



– Прошетката низ градот Фиер, беше нашата цел во наредниот ден. Валона е интересна со Музејот на Исмаил Ќемали, човекот што во 1912 година ја прогласил независноста на Албанија. Градот Берат, пак, беше занимлив бидејќи е полн со старини, – додава Пајазити. Четиридневната екскурзија низ Албанија завршила со слободна прошетка низ градот Драч и посетата на калето во Елбасан. **Г. Е.**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Еден поинаков викенд

ЗП Дебар и Центар Жупа реализираше тридневна екскурзија во Република Албанија, при што беа посетени повеќе градови и културно историски споменици. Околу 100 пензионери посетија неколку туристички градови во јужна



Албанија и тоа: Валона, Саранда, Фиер, Ѓирокастро и други. Претседателот на здружението **Џавит Карпузи** не информираше дека оваа повеќедневна екскурзија позитивно влијаеше врз пензионерите.

– Овие екскурзии се многу прифатени од страна на пензионерите бидејќи тука доаѓа до израз и дружењето, како и запознавањето со оваа наша соседна земја. Треба да се нагласи дека при посетата на Албанија пензионерите во најголемиот дел од нив за првпат ги видоа познатите туристички градови.

Според претседателот Карпузи со цел повеќе пензионери да можат да учествуваат во оваа екскурзија, со свои дополнителни средства учествувало здружението. Еве што изјави во врска со екскурзијата 80 годишниот пензионер **Емин Леши**:

– Посетата на Албанија беше многу добра. Организацијата беше на ниво, а пензионерите поминаа три незаборавни денови. Јас редовно одам на екскурзии и многу сум благодарен на организаторите.

И **Емијан Шеху**, е задовлна од екскурзијата и што имале можност да го посетат стариот град Бутринт, кој е заштитен од страна на ООН.

– За Бутринт имам читано, но го немав видено. Убаво е што сега по повеќе декади работа, имам можност мирно да се нашетам и со моите врсници да разговарам за нашите пензионерски мигови.

За време на посетата на Албанија пензиоерите имаа средби и со нивни колеги од Албанија. Раководството на дебарските пензионери се сретна и со раководства на пензионерите на некои градови на Албанија. Притоа беа разменети и искуства за начинот на работа на албанските здруженија и здруженијата на пензионерите кои функционираат во Република Македонија. Според претседателот на здружението на пензионерите Џавит Карпузи, во текот на оваа календарска година ќе има и други екскурзии како во земјава така и во Албанија, Косово, Турција и други земји од соседството.

**Вјолца Садику**

Здружение на жени „Златна доба" од Виница

# Посета на Трескавец и Крушево

Околу стотина сегашни и идни пензионерки од Здружението на жени „Златна доба" од Виница кон крајот на минатиот месец беа во еднодневна посета на манастирот Трескавец, кај Прилеп и во легендарното Крушево, градот на културата за 2014 година.

Групата екскурзијанти не пропуштија да го разгледаат градот и да се запознаат со неговите културни и историски знаменитости, и да го посетат гробот на прерано починатата крушевска и македонска поп – икона, Тоше Проески и неговиот Спомен дом.

По завршувањето на оваа посета, тие го продолжија патувањето во градот под Марковите кули – Прилеп, каде имаа заеднички ручек.

Вакви и слични екскурзии, Здружението на жени „Златна доба" од Виница предвидува да реализира уште неколку до крајот на годината.

**С. Арсов**

ЗП Чаир

# Посета на Дебар и Струга

Во рамките на планираните активности, ЗП Чаир во почетокот на мај, реализираше еднодневна бесплатна екскурзија за своите членови во Дебар и Струга. Колку беше голем интересот за екскурзијата говори и бројката од 150 пензионери кои со три автобуси, во мошне весело расположение, тргнаа кон овие дестинации. Прво то застанување им беше во Маврови Анови, а потоа попатно го посетија и разгледаа надалеку познатиот манастир „Јован Бигорски".



По пристигнувањето во Дебар, краткиот одмор пензионерите го искористија за разгледување на градот, иако, поради недостатокот на време, не им се исполни желбата да ги посетат и запознаат неговите знаменитости. Во Струга екскурзијантите имаа прилика подолго да се прошетаат и да го разгледаат градот, како и да се запознаат со некои негови знаменитости. Сепак, не можеше сè да се посети и да се види, но во овој прекрасен град, заради чистиот воздух и езерскиот мирис, чувството беше поинакво и задоволството поголемо.

– Задоволството кај пензионерите од такви екскурзии е големо, бидејќи тие се дружат, а притоа се запознаваат со културното и националното богатство на Македонија. Ваквиот начин на организирање патување низ Македонија или надвор од државата, ќе продолжиме да го практикуваме и понатаму, затоа што, има голем интерес кај пензионерите, – ни рече **Ментор Коку**, претседател на ИО на ЗП Чаир. Патувањето помина во најдобар ред, а пензионерите беа среќни што им се укажа можност да ја избегнат, барем за еден ден, секојдневната монотонија што е карактеристична за овој период од животот. **Васил Пачемски**

Здружение на воени пензионери

# Поттик за нови активности

Екскурзијата во Крушево што ја организираше Здружението на воени пензионери на 9–ти мај 2015 година им беше добредојдена на многумина посетители кои од подамна не биле таму, да ги освежат сознанијата и пошироко да се запознаат со ова мошне значајно културно–историско гратче, неколку часа да се надишат чист воздух на над 1000 метри надморска височина и да уживаат во убавините на природата И посебностите на градската архуитектура. Иако Крушево беше крајната дестинација, воените пензионери попатно поставија пауза направија во Прилеп, при што во централниот парк го посетија спомeникот „Могилата на непобедените" а потоа прошетаа низ центарот на градот под Марковите кули.



По стигнувањето во Крушево, екскурзијантите најпрво го посетија Манастирот Свето Преображение, оставина на Тоше Проески, наш најпознат, најпопуларен и најпрочуен поп-пејач на балканските и европски простори, кој млад настрада во сообраќејна незгода. Сеќавањата на поп–ѕвездата ги обновија и при обиколката на вечното почивалиште и Спомен куќата на Тоше, каде навистина беа импресионирани од творечкиот опус и постигнувањата на овој млад пејач. Прошетката низ градот и разгледувањето на културно-историски споменици им ги прекина обилниот дожд, кој откако започна, не престана да паѓа се до нивното тргнување за Скопје. **М.Г.**

ЗП Крушево

# Екскурзија за паметење

На 15.05. 2015 година ЗП Крушево за своите членови организираше дводневна екскурзија во Република Албанија на релација: Крушево – Елбасан – Валона – Берат. Околу 130 пензионери со три автобуси, туристички водич и медицинска екипа, се упатија кон назначената дестинација. На повеќето пензионери екскурзијанти им се случува првпат да патуваат во соедна Албанија и затоа со радост и среќа речиси цело време пееја познати народни и старогардски песни.

Во Корча беше првото застанување и добра прилика да се разгледа овој град и околината, од каде пред три века, најголем број етнички власи се преселија во Крушево. Тука пензионерите имаа можност да посетат неколку културно–историски знаменитости, а посебно прочуената црква Пресвета Богородица во центарот на градот, од која можеше да се види и осознае историското минато на Корча.

Околу пладне „караванот" стигна во Елбасан. Овде ги посетија познатите кули од 13 век, а во попладневните часови се упатија кон Валона, прекрасен туристички град географски сместен најблиску до Јадранското и Јонското Море. Овде следеше преноќиште и одмор за подолга прошетка и разгледување на градот наредниот ден. Задржувањето во Валона беше искористено за посета и подобро запознавање на градот и културно–историските знаменитости, меѓу кои и Куќата на Независноста на Р. Албанија. На крајот, околу пладне стигнаа во Берат каде со интерес ги разгледаа кулите во кои се сместени познатите отомански џамии и византиските цркви.

Дводневна екскурзија беше добро организирана и изведена. Тоа го потврдија и самите пензионери кои јавно го изразија своето задоволство и посакаа повеќе вакви патувања.

**Г. Ангелески**

# Како да го излекувате артритисот на природен начин

Артритис е воспалителна болест која ги зафаќа зглобовите. Постојат околу сто видови артритис, кои можат да влијаат на различни делови на телото. Освен на зглобовите, некои облици на артритис се поврзани со болестите на ткивата и органите во телото.

Најчести видови се остеоартритис, гихт и ревматоиден артритис. Оваа подмолна болест не ги погодува само постарите лица. Луѓе од сите возрасти, вклучувајќи ги и децата можат да развијат артритис. Станува збор за особено комплексна болест, па потрагата за вистинскиот лек може да биде долготрајна. Но, за да го излекувате не морате да употребувате медицински лекови кои можат да имаат сериозни нуспојави. Добрата вест е дека со адекватна исхрана, вежби, одбрани лековити билки и природни додатоци на исхраната можете да го спречите или комплетно да го излечите артритисот.

**Природни лекови против артритис**

**Куркума -** Поради антивоспалителните својства куркумата често се употребува како природен производ за лекување артритис. Нејзината делотворност е докажана во многубројни истражувања. Куркумин – главната состојка во куркумата, на доброволци делотворно им ја ублажила утринската вкочанетост и отекувањето на зглобовите.

**Глукозаминот** ја регенерира рскавицата и дава еластичност на лигаментите и тетивите. Подолгото негово користење помага при отстранување на болките. Телото, кај луѓето во средната доба, не произведува доволно **глукозамин**, што доведува до отекувања и болни вкочанувања на зглобовите. Недостатоци му се високата цена, можност од алергија и што е незгоден за вегетеријанците и дијабетичарите.

**Хијалуронска киселина (ХА)** е најважниот дел на сврзувачкото ткиво бидејќи таа ги подмачкува зглобните површини при движењето. Производството на хијалуронската киселина се намалува во текот на животот, така што повеќето педесетгодишници имаат 50% помалку хијалуронска киселина во зглобовите на колената отколку во младоста. Тоа намалување предизвикува слабеење на вискозноеластичните својства на зглобната течност.

**Цинкот** го намалува ризикот од ревматоидниот артритис. Недостатокот на цинк во исхраната е причина за зголемување на ризикот од настанување на воспаление на сврзувачкото ткиво, на реумата, како и појавите на целулит. Цинкот помага и на дијабетичарите во создавањето на инсулинот и го неутрализира вишокот бакар кој е еден од причинителите на артритисот. Храна која содржи цинк: мешунарки, интегрални житарки, тиква и нејзините семки, соја и грашок.

**Манганот** е потребен за синтеза на основните компоненти на 'рскавицата. Недостатокот на манган може да доведе до болки во коленото, хронична премаленост, замор и губењето на рамнотежа. Го има во ананасот, зобното брашно, оревите, лешниците, бадемите, мешунките, спанаќот и зелениот чај.

**Ѓумбир -** Се употребува со илјадници години за лечење разни ревматски заболувања и за болестите на мускулите и скелетот. Ѓумбирот е далеку по вреден од конвенционалните кортикостероидни противвоспалителни лекови, кои можат да имаат сериозни нуспојави. Тој ги разградува течностите и киселините во зглобовите, а не создава никакви нуспојави.

**Лист од црна рибизла -** Ова е еден од најдобрите природни антиревматици. Во терапијата се употребува екстракт од листот од црната рибизла за орална употреба, како и гел за нанесување на болните зглобови. И двата се многу делотворни за спречување и олеснување на тегобите на лица со ревматоиден артритис и други воспалителни болести на зглобовите.

**Лист од коприва -** Има антиревматско и диуретично дејство и го стимулира лачењето на жолчката. Официјално е одобрен за лечење на ревматоиден артритис и артроза, било како самостоен лек, било како додаток во терапијата. Тинктура или инфузија од лист од коприва се сметаат за најдобро средство за засилување на излачувањето на уринарната киселина па затоа се идеален лек за гихт.

**Останати лековити билки -** Во лечењето артритис помагаат и други билки и прехранбени продукти кои дејствуваат аналгетски, диуретички и углажувачки. Во оваа група спаѓаат: лук, ангелика, зелен анис, моравка, артичока, врес, камилица, росопас, троскот, папрат, јагода, рибизла, лаванда, нана, кромид, глуварче, јаболко, рузмарин, темјан, рен и други.

**Исхрана при артритис -** Во речиси 10% случаи артритисот настанува како алергиска реакција на храна. Ако страдате од артритис, лесен начин тоа да го проверите е на недела дена да се откажете од овие видови на производи: пченка, пченица, омега-6 (рафинирано пченкарно, репкино или сончогледово масло), месо и сувомеснати производи, како и млечни производи. Многу луѓе нашле олеснување во вегетаријанските диети, а една од попознатите е **Донгова диета:** Таа ја забранува онаа храна која има висок воспалителен фактор, а тоа е: месо, домати, млечни производи, пиперки, алкохол, лути зачини и хемиски адитиви, посебно натриумов глутамат. Од друга страна, некои состојки на храната, посебно омега 3 масните киселини, можат да ги регулираат хормоните, со чија помош се држат под контрола воспаленијата, болките и другите артритични симптоми.

**Со вежбање против артритис -** Најдобри телесни активности за заболените од артритисот се пешачење, пливање, јога и таи чи. Изведувајте вежби за сила и кардио вежби. Не плашете се од движење ако имате артритис, она од што треба да се плашите е недвижењето! Останати методи кои помагаат кај артритисот се: масажа, бањи, акупунктура, пчелин отров и друго. Затоа, не препуштајте и се на судбината. Артритисот е излечив, за што сведочат илјадници лица излечени на природен начин. Наоружајте се и вие со природни лекови и тргнете во борба против оваа подмолна болест!

**Т.Г.**

# Додатоци за квалитетен живот без оглед на годините

Нашите очи секојдневно се изложени на екстремни напори а нашиот организам на стрес, заради начинот на живот. Ултравиолетовото зрачење, сувиот воздух, никотинот, екстремните температури, долгите патувања со автомобил, долгите периоди на читање, малку сон, премногу телевизија и седењето пред компјутер, како и стареењето се фактори кои влијаат во намалувањето на видот. Губењето вид и другите здравствени проблеми не се проблем само за поединецот и не се неизбежен дел од процесот на стареење, како што луѓето досега веруваа, бидејќи возрасната популација може да го задржи добриот вид и доброто здравје бидејќи живееме во 21. век кога постојат голем број иновации во дијагностиката, лекувањето, во исхраната, како и во превентивната здравствена заштита.

Економските импликации заради проблеми со здравјето се големи. Тоа има големо влијание на активните и продуктивни карактеристики на луѓето, а особено на повозрасните, со што живеењето станува непријатно. Но, радува фактот што во последните години сознанијата и промената во традиционалната перцепција на стареење има навистина голем напредок и трансформација. 80 отсто од губењето на видот кај возрасната популација може да се спречи со превентива и квалитетна дијагностика и земање на суплементи кои му помагаат на организмот што подолго да го задржи квалитетот на видот.

Факт е дека популацијата со над 60-годишна возраст е се помногубројна. Тој број рапидно се зголемува особено во развиените земји и се очекува да достигне 2 милијарди до 2050 година, со што оваа група ќе стане најголем сегмент на многу општества на глобално ниво. Паралелно со тоа се зголемува и стапката на луѓето со ослабен вид и проблеми со здравјето. Загубата на видот и проблемите со нервниот систем директно влијаат на мобилноста и дневните активности на луѓето и тоа често доведува до депресија, деменција, замор, повреди и друго, а тоа предизвикува потреба за долгорочна нега, што резултира со додатни и приДружни трошоци за услуги. Загубата на видот и здравствените состојби поврзани со нарушувањата на нормалната физиолошка функција и нормалната функција на нервниот систем на нашиот организам, особено кај повозрасните, исто така, влијае и на нивните семејства, на старателите и на општеството во целина. Така е и со оние кои имаат помалку години и сè уште се во работен однос. Така на пример, луѓето со вакви проблеми имаат многу понискиски стапки на вработеност и значително помали приходи од оние без нив.

Водењето грижа за здравјето преку одредени превентивни прегледи е важно, како и начинот на живот и исхраната, но таа често пати не го содржи она што му е потребно на организмот, па затоа за превентивна здравствена заштита потребно е земање на одредени додатоци. При тоа, треба да се има на ум дека овие корисни додатоци не се замена за оброк и не се користат како замена за храна и треба да се внимава и на препорачаната доза.

Постојат повеќе видови на вакви додатоци, во овој текст ги препорачуваме овие два препарати како едни од најдобрите:

ЛУТЕИН ФОРТЕ (Lutein Forte) капсулите кои содржат витамин А, витамин $B_2$ и цинк. Витаминот Ц и витаминот Е придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес.

Се препорачува по една (1) капсула на ден, со многу течност.

Додатокот на исхрана, НЕУРОВИТАЛ ФОРТЕ (Neurovital Forte) е многу битен за нормална физиолошка функција и нормална функција на нервниот систем. Додатокот содржи гинко билоба, аминокиселини, магнезиум, витамин Ц, ниацин и друго. Овие состојки му помагаат на организмот добро и правилно да функционира. Гинко билобата ги подобрува когнитивните способности, меморијата и интелектуалните способности. Магнезиумот и ниацинот придонесуваат за нормална физиолошка функција, за намалување на хроничниот замор, за нормална и правилна функција на нервниот систем, во превенција на срцеви заболувања и висок притисок и друго. Се препорачува по една (1) таблета на ден за возрасни и деца над 14 години.

Земањето на овие два додатока овозможува добар вид, добар нервен систем и бистар ум, а тоа е познатата формула за квалитетен живот без оглед на бројот на годините.

# Шипка

Шипката е растение кое му припаѓа на семејството *Rosaceae (роза)*. Ја носи титулата на една од најстарите растенија кои се користеле во исхраната, а поради лековитите својства и за лекување. Уште во камено време луѓето за побрзо оздравување ги користеле листовите, плодовите и цветот на ова скапоцено растение. Во добрите стари времиња луѓето со врвна вештина подготвувале разновидни здрави и вкусни јадења, кои покрај тоа што им го подобрувале здравјето, биле и дел од народната традиција, која денес, за жал, изумира.

Плодот од дивата роза или шипката е богат со големи количини хранливи материи. Изобилува со витамините D, P, K, B1, B2, B3 и провитаминот А. Она по што се издвојува и што го прави ова растение како едно од најважните за здравјето на луѓето е високата концентрација на витаминот С, кој според тврдењата на научниците, дури педесет пати е повисока отколку во портокалот. Со истражувањата на голем број истакнати научни работници се потврдило дека со варење на плодовите, содржината на витаминот С не се намалува и не се губи. Напротив, по десет минути варење, количината на витаминот С, дури и се зголемува! И местите плодови од шипката содржат значителни количини на важни минерали и тоа; натриум, железо, селен, манган, помали количини на магнезиум, калиум, фосфор, сулфур и силициум. Исто така, шипката е одличен извор на флавоноиди, јаболкова, лимонска и аскорбинска киселина, танини, ликопен и друго.



Меѓу другото, шипката го подобрува варењето на храната и работата на бубрезите, бидејќи е богата со овошни киселини кои играат важна улога во лекувањето на болести на мочниот меур и бубрезите, а спречува и создавање на бубрежни и уринарни каменчиња. На природен начин го штити и варењето: го стимулира и регулира, без штетни нуспојави. Помага кај сите желудочни тешкотии: спречува дијареа, иритирање на желудникот и повраќање и благотворно влијае на обновување на слузницата на желудникот. Шипката е природен диуретик кој му помага на телото да се ослободи од отровите.

Флавоноидите содржани во шипката го штитат човечкиот организам од бактерии и вируси кои се наоѓаат во опкружувањето. Витаминот С е најмоќното средство против инфекции, особено во превенцијата од грип и настинка, а шипката го содржи во изобилство, па затоа таа е одлично средство за зајакнување на имунолошкиот систем, како и за природно закрепнување на телото после болест.

Шипката помага и кај болки во зглобовите и мускулите. Таа поволно влијае на мускулите, коските и слузницата. Заради антивоспалителните својства, шипката се смета како драгоцено природно средство за лекување на артритис, гихт и реума. При истражување од 2007 година, спроведено на пациенти кои страдале од воспаление на зглобовите, ги потврдило силните влијанија на шипката за ублажување на воспалителните процеси. Кај пациентите кои секојдневно земале капсула од шипка, болката се намалила дури за 40%.

Шипката штити и од стрес и хормонална нерамнотежа. Таа е исклучително ефикасна во спречување на здравствени проблеми кои се тесно поврзани со стресот. Помага за смирување на дигестивниот систем, го намалува високиот крвен притисок и некои проблеми со циркулацијата, кои се резултат на стрес. Делотворна е и во регулирањето на хормоните. Богатството на шипката со овошни киселини ја прави идеално средство за нега и заштита на кожата и од внатре и од надвор. Делотворна е при проблеми со кожата бидејќи го стимулира регенерирањето на клетките и го зголемува нивото на колаген кој е заслужен за цврстината, мазноста и сјајот. Ги ублажува последиците од псоријаза, егзема, дерматитис, изгореници, како и видливоста на хиперпигментацијата, како што се старечките или сончеви пеги. Ги ублажува брчките, лузните, акните, стриите и на кожата и ја враќа влажноста и виталноста.

Шипката го отстранува заморот, штити од кардиоваскуларни заболувања, ја подобрува циркулацијата, спречува анемија, ги прочистува дишните патишта, го зајакнува целиот организам и др.

**Б. Ангеловска**

# Внимателно со клима-уредите

На прагот е летото и високите температури кои носат непријатности за сите, а особено за повозрасните. Постојат разни начини како да се спасите од нив. Најевтиниот и најлесниот начин е да не излегувате на сонце меѓу 11 и 17 часот, но некогаш и во домот е жешко и неиздржливо. Во поново време особено во градовите решението се вика клима-уред. Но клима-уредот покрај тоа што разладува предизвикува и други проблеми. Една од нив е главоболката. Причини за главоболката може да биде дехидрација на организмот, мускулна контракција од студениот воздух, контракција на крвните садови, од циркулирање на застоен воздух и циркулирање на воздух кој содржи алергени, од звукот кој го произведуваат клима-уредите, од температурни шокови при влез во разладена просторија или при излегување на сонце и друго.

Повеќето домови, користат уреди кои ја разладуваат просторијата и ја намалуваат температурата на 16-18 степени Целзиусови. Бидејќи во таквите простории недостасува влажност, кај луѓето со осетливи синуси се развиваат главоболки, чувствителна кожа, сувост на очите.

Но се разбира дека главоболката не е секогаш заради клима-уредот. Затоа пред да го обвините клима-уредот обидете се да го идентификувате виновникот. Размислете дали ви е ладно додека работите, дали сте алергични на некои честички во воздухот, дали сте премногу под стрес, пиете ли доволно вода? Ако не можете да утврдите најдобри резултати ќе постигнете ако ги комбинирате техниките за превенција од главоболка:

– пијте многу течности;

– на масата држете шише свежа вода со распрскувач и повремено испрскајте го воздухот над вас;

– пијте доволно витамин С и работете на зајакнување на имунолошкиот систем;

– немојте да ја намалувате температурата премногу; температурата од 21 до 24 степени е мошне пријатна за работа; секоја температура под 20 степени Целзиусови за дневни или работни простории предизвикува здравствени ризици;

– поминете период на приспособување: на пример, неколку минути пред да излезете од автомобилот или од дома, исклучете го клима-уредот за да се избегнат температурните шокови.

– избегнувајте седење и стоење директно под клима-уредот и под правецот на дување, без разлика дали сте свртени кон него со грб или со лице, а во случај тоа да не можете да го избегнете, носете капа, марама или шешир;

– клима-уредот не треба да биде насочен кон некој дел од телото;

– одржувајте ги синусите здрави, а ноздрите проодни; прашајте во аптека кои капки или спреј би можеле да ги користите секојдневно за хигиена на ноздрите и за превенција од воспаление на синусите.

Денес клима-уредите ни овозможуваат чувство на пријатна атмосфера и удобен живот. Со глобалното затоплување и со високите надворешни температури, тие претставуваат идеален спас за разладување. Но, сепак треба да се внимава и правилно да се употребува клима-уредот за да не дојде до несакани последици.

**Благој Арсов**


ЗНАЕМЕ ДЕКА МОЖЕТЕ!
Дајте им го она што им е потребно!
• Бесплатно отворање на трансакциска сметка
• Бесплатно овластување на вашата сметка за еден или повеќе членови на семејството
• Бесплатна Маестро дебитна картичка
• Бесплатна MasterCard кредитна картичка
• Можност за отплата до 73 години
Износ до 2 пензии
• Дирекција тел. 02/3249-437 ; 02/3249-454
• Градски Ѕид Скопје тел. 02/3217-224
• Партизански Одреди тел. 02/3221-003
• нас. Аеродром тел. 02/2401-225
• нас. Бутел тел. 02/2600-055
• Карпош 4 тел. 02/3090-209
• Кисела Вода тел. 02/2720-470
• Струмица тел. 034/343-881
• Битола тел. 047/232-434
• Прилеп тел. 048/400-210
• Кавадарци тел. 043/414-726
• Гостивар тел. 042/211-221
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА И ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
HAK BUS
Поаѓање од Македонија
07.06
14.06
21.06
28.06
05.07
12.07
19.07
26.07
Поаѓање од Македонија
02.08
09.08
16.08
23.08
30.08
06.09
13.09
ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
НА ПРЕКРАСНИОТ БРЕГ НА ЈАДРАНСКО МОРЕ НУДИМЕ ПАКЕТ АРАНЖМАН СО 7 НОЌЕВАЊА И 8 ДЕНА СО ПО ТРИ ОБРОЦИ И УДОБЕН ПРЕВОЗ СО НАШИ АВТОБУСИ ОД МЕСТОТО НА ПОАЃАЊЕ ДО ГРАДОТ ДРАЧ - РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
Објектот е со три ***, убава сопствена песочна плажа со бесплатни чадори
И сето тоа ќе ве чини верувале или не само
135 евра
Се патува со лична карта, а термините се одредуваат во договор со Агенцијата
Можни се и збирни тури од неколку здруженија на пензионери
АГЕНЦИЈАТА HAK BUS ВРШИ И ТРАНСПОРТ НА ПАТНИЦИ ДО ПОВЕЌЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ЗЕМЈАТА И ВО ЦРНА ГОРА
контакт телефон: 044 331 587; 070 244 019




## ЗАНИМЛИВОСТИ

Стаорецот живее подолго без вода од камилата
Гуските најдолго тагуваат после смрта на својот сопатник
Окото на нојот е поголемо од неговиот мозок
Кенгурчето кога ќе се роди е долго само 2,5 см
Некои школки се раѓаат само како машки. Во текот на шивотот само некои од нив стануваат женки
Албатросот може да спие додека лета со брзина од 40 км/час
Камилите имаат ти пар очни капаци кои ги штитат од пустинскиот песок
Азиската слоница е бремена 20 месеци, а американскиот опосум (вид на мајмун) само две недели
Мравките никогаш не спијат
Синиот кит произведува најсилен звук и тоа 188 децибели
Клукајдрвчето може да удира во дрвото дури 25 пати во секунда
Забите на дабарот индијанците ги користеле како ножеви
Сината чавка кога тагува или после некоја несреќа ја менува бојата на перјата
Потребни биле 22 века за да се пресмета оддалеченоста меѓу Земјата и Сонцето и таа изнесува 149 400 000 км. Ова бројка се добива ако се помножи висината на Кеопсовата пирамида со 1 000 000 000, а таа била изградена во Газа 30 века пред нашата ера
Ако се пресмета колку пати штурецот црцори во минута, и ако тој број се подели со 2, и му се додаде 9, и пак се подели со 2, ќе се добие температурата на амбиентот во целзиусови степени
Дизајнирана е камера за слепи. Наместо монитор апаратот има плочка на која рељефно е прикажана фотографијата, а корисникот со оштетен вид ја „гледа„ допирајќи ја со рака или со челото. На почетокот од секоја фотографија камерата снима звук во траење од три секунди за полесно пребарување. Фотографиите можат да се праќаат и по Интернет.
Откриен е гигантски полжав кој со својата слуз може да создава скапи прекрасни бисери.
Во светот има околу 73 000 различни јазици, а се користат само 83. Според лингвистот Дејвид Харисон секои десет дена „умира„ по еден јазик.
Ќе се прават конци и платненца за шиење и крпење на крвни садови и ткива од материја слична со протеинот од кој е направена пајаковата мрежа. Научниците откриле дека човечкиот организам ја прифаќа оваа материја без проблеми.
Машкиот мозок е поголем од женскиот, но со годините побрзо се намалува. Мажите во текот на денот изговараат околу 1.000 зборови, а жените околу 10.000 зборови дневно.

**М. Дамјаноска**

## КРСТОЗБОР




## Хумор

Разговараат двајца пријатели:
– Жена ми има многу лоша навика во последно време. Се буди секоја вечер во 2 сабајле.
– И што прави после?
– Ме чека да си дојдам дома.

* * *

Некоја жена имала афера со инспектор за контрола на куќни штетници. И додека тие една вечер се забавувале, на врата заѕвонил мажот и. Оваа набрзина го пикнала гол инспекторот, во плакар. Си влегол мажот дома, ама му станало нешто сомнително, па почнал да го пребарува станот. Кога го отворил плакарот и видел гол човек и му рекол:
– Кој си бе ти?
– Јас сум инспектор од „Домашна чистота“. Дојдов да испитам дали имате молци.
– А кај ти е облеката???
Инспекторот:
– Па имате молци. Гледаш ми ја изедоа облеката!

* * *

На Трпе му се јавува пријателка и му се жали:
– Трпе бе, купив една сложувалка вчера, ама не можам две парчиња да спојам, а ги нема ни крајните парчиња.
– А каква слика има на кутијата?
– Има тигар помаранџест.
– Ај сега ќе дојдам, чекај ме.
Оди Трпе кај неа дома, влегува внатре и ја гледа на земја со распосланата сложувалка, и и вели:
– Враќај ги бисквитчињата назад во кутијата.

* * *

– Комшија, како не ти беше срам да спиеш со жена ми.
– Ама, јас само сакав да видам која е разликата меѓу твојата и мојата жена.
– Па што не ме праша, јас ќе ти кажев.

* * *

– Конечно и јас да бидам покрај ситен песок, вода и сонце!
– Море мешај го малтерот и не туку збори!

* * *

– Знаеш ли Трпе дека цигарите, пивото, ракијата, сето тоа се прави од растенија?
– Види види, па јас сум ти бил вегетеријанец, а не сум знаел!

## Рибари




Неколку рибари фрлиле мрежа за да ловат риба. Кога ја повлекле мрежата многу тежела. Рибарите мислејќи дека уловиле многу риба пресреќни тргнале кон брегот. Кога ја извадиле мрежата виделе дека во неа има малку риба, а многу повеќе камења и тиња.
Најстариот меѓу нив рекол:
– Да не се радуваме толку многу однапред на уловот, немаше сега да сме несреќни и разочарани.

Демир Хисар: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Убава презентација на културното наследство


Пере Петрески


Љупчо Блажевски


Драги Аргировски

На 24–ти мај 2015 година, во Демир Хисар се одржа значајна и масовна културна манифестација на пензионерите на здруженијата од седмиот регион. На тринаесеттата регионална ревија на песни, музика и игри домаќин беше здружението на пензионери Демир Хисар, а покра истоименото здружение се претставија и здруженијата на пензионери од Прилеп, Битола и Крушево.

Во салата во Домот на културата „Илинден” во Демир Хисар прв добредојде на гостите и учесниците им посака претседателот на ЗП Демир Хисар, **Пере Петрески**, кој ги поздрави присутните и го истакна значењето на овие културни манифестации за пензионерите но и за целата држава и рече:

– Пензионерите се подготвуваат и настапуваат на овие ревии со посебен ентузијазам. Тие го негуваат и презентираат богатото културно наследство на македонскиот народ и на сите кои живеат во нашата земја. Со овој бран на творечко ангажирање на пензионерите ние даваме убав пример на помладите генерации како се негуваат и чуваат песните и обичаите на нашите предци.

Претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, **Драги Аргировски** најпрвин на учесниците и гостите им го честита големиот празник Св. Кирил и Методиј, а потоа го истакна значењето на пензионерските културни манифестации и нивниот придонесот за зачувување од заборав на многу фолклорни бисери кои благодарение на пензионерите се сочувани до денес како наследство за идните генерации.

– Со овие манифестации пензионерите ја чуваат нашата традиција, но и нашето име и идентитет. Многуте изворни и староградски песни ни причинуваат задоволство додека ги слушаме, а ората не раздвижуваат и не потсетуваат на деновите кога сме биле млади. Благодарение на вакви манифестации се одржале и обичаите по разни поводи се до денешен ден. За квалитетен живот во третото доба треба физичка активност, но и духовна храна, а овие ревии на песни, музика и игри претставуваат токму тоа, – рече претседателот на СЗПМ Аргировски.

И градоначалникот на општина Демир Хисар, **Љупчо Блажевски** им посака успешен настап на учесниците кои докажуваат дека третото животно доба може да биде интересно и убаво и искажа подготвеност за поддршка на пензионерите во натамошното организирање и одржување на вакви и друг вид манифестации, а воедно ја прогласи тринаесеттата регионална ревија на песни, музика и игри на здруженијата од седмиот регион за отворена.

Во програмата најпрвин настапија членовите на КУД „Пенка Котевска” од ЗП Прилеп, облечени во народни носии во преубави бои и пееја од срце. По нив настапија пензионерите од ЗП Битола кои исполнија неколку староградски песни. Не помалку забележителен беше настапот на пензионерите од здружението од Крушево кои и оваа година исполнија песна на влашки. Здружението на пензионери од Прилеп се претстави и по втор пат, со КУД „Пензионер” кое настапи со убави македонски песни. На ревијата последни настапија домаќините, здружението на пензионери од Демир Хисар, кои облечени во живописни носии испеаја и изиграа неколку ора и песни од пребогатата културна ризница на демирхисарскиот крај.

На крајот на манифестацијата, членот на Комисијата за културно забавен живот при СЗПМ, **Цветанка Ангелковска** во име на организаторот, на здруженијата на пензионери учесници на ревијата им додели признанија за учество.

Средбата заврши како и што почна со песна и оро, со заедничка веселба и дружење на учесниците и гостите во преубавиот амбиент на мотел–ресторанот „Кај чичко Таљо”.

**З. Стевановски**


ЗП Прилеп - КУД Пенка Котеска


ЗП Крушево


ЗП Демир Хисар


ЗП Прилеп - КУД Пензионер


ЗП Битола


Доделување признанија

Охрид: 13-та Регионална ревија на песни, музика и игри

# Богатство од песни, музика, ора и народни носии


Ѓорѓи Трпчески


Ангел Јанев


Драги Аргировски

ЗП Охрид и Дебрца по трет пат беше домаќин на Регионалната ревија на песни и игри, која на 23–ти мај 2015 година, се одржа во Центарот за култура „Григор Прличев” во Охрид. На ревијата се претставија фолклорни групи од осмиот регион и тоа од: ЗП Струга, ЗП Кичево, ЗП Гостивар, ЗП Дебар, ЗП Македонски Брод и домаќинот ЗП Охрид и Дебрца. Сите овие здруженија успешно прикажаа богатство од разновидна колоритни народни носии, како и песни и ора карактеристични за нивното поднебје.

Пред настапот на ревијата, на кејот покрај езерото со песни и музика продефилираа учесниците на ревијата. Дефилето беше топло поздравено од минувачите меѓу кои имаше и голем број на туристи кои се фотографираа со фолклористите.

Во свечен амбиент во Центарот за култура, фолклористите и гостите, најпро ги поздрави претседателот на ИО на ЗП Охрид и Дебрца, **Ѓорѓи Трпчески**, кој во пригодното обраќање рече:

– Ни причинува особено задоволство што досега во неколку наврати сме се потврдиле како добри организатори на вакви манифестации. Охрид има долга музичка традиција, особено на староградскиот мелос, уште од времето на 30–те години на минатиот век со тајфите на Климе Садило и Караѓуле, а подоцна со ансамблот „Билјана” на Кузман Поп Стефанија. Сето тоа оставило длабоки траги во животот на охриѓани.

Во своето обраќање претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** меѓу другото рече:

– Особено задоволство ми причинува што денес сум во градот на вековната култура, македонскиот бисер на туризмот. Прва и основна задача на сите нас, беше и останува продолжување на заедничката заложба за заштита и подобрување на стандарот и квалитетот на животот на пензионерите кои поради своите знаења и искуства од ден на ден стануваат се позначајна алка во социјалниот живот на нашата држава. Негувајќи ги културните дејности, спортувањето и дружењето, се придонесува да се шири љубовта, надежта и соживотот со цел да се подзабави процесот на стареењето, а животот во третата доба да добие подобра и достоинствена содржина и квалитет.

Учесниците на ревијата и присутните гости, меѓу кои и претставници на ЗП „Солидарност – Аеродром“ од Скопје, од името на градот домаќин ги поздрави и ревијата за отворена ја прогласи заменик градоначалникот на Охрид **Ангел Јанев,** истакнувајќи дека културните настани се многу значајни за развојот на туризмот.

Во двочасовниот настап 120–те фолклористи на ревијата исполнија старградски и изворни песни на македонски и албански јазик, а од вкупната програма гледачите останаа мошне задоволни.

Признанија на учесниците во име на организаторот СЗПМ им врачи членот на Извршниот одбор на СЗПМ **Душан Ристески**. Ревијата од осмиот југо–западен регион заврши со заедничка забава и дружење, на која на претседателите на ЗП, учесници на ревијата, им беа врачени и благодарници од името на домаќинот ЗП Охрид и Дебрца, а им ги врачи претседтелот на Собранието, д–р **Димитар Спасески**.

**К. Спасески**




ЗП Охрид и Дебрца


ЗП Струга


ЗП Дебар


ЗП Гостивар


ЗП Кичево


Доделување благодарници